

CSD CENTER FOR THE STUDY OF DEMOCRACY

# Промовирање на конструктивен капитал во Бугарија и Северна Македонија

Градење мостови за евроатлантска интеграција, поврзаност и економска безбедност

# Промовирање на конструктивен капитал во Бугарија и Северна Македонија

## Градење мостови за евроатлантска интеграција, поврзаност и економска безбедност

CENTER FOR
THE STUDY OF
DEMOCRACY

Воената агресија на Русија врз Украина повторно ја врати во живот визијата за силна, стабилна и обединета Европа, која ќе биде поткрепена со меѓусебни политички, безбедносни и економски интереси. Европската Унија повторно ја потврди својата недвосмислена поддршка за интеграцијата на земјите од Западен Балкан и на земјите од источното соседство во Унијата. Ова отвора прозорец на можност Бугарија и Северна Македонија заедно да го исполнат ова ветување и да ги зајакнат своите економии и општества, правејќи ги на тој начин ЕУ и НАТО посилни и поотпорни во тој процес.

Овој извештај идентификува можности за неистражени економски потенцијали во рамките на билатералната соработка и обезбедува еден сеопфатен сет на препораки за политики чија цел е промовирање на конструктивен капитал во и помеѓу Бугарија и Северна Македонија. Врз основа на консултации направени со релевантните засегнати страни, што подразбира бизнис лидери и асоцијации, овие препораки ја поставуваат основата за оформување на заедничка стратегија со цел подобрување на деловното опкружување, зајакнување на економските односи и промовирање на заеднички просперитет.

Автори на извештајот:
**д-р Вања Петрова**, виш аналитичар, Економска програма од Центарот за проучување на демократијата
**Руслан Стефанов**, програмски директор и главен економист од Центарот за проучување на демократијата
**Кристина Цабала**, аналитичар, Економска програма од Центарот за проучување на демократијата

Уредувачки одбор:
**д-р Огњан Шентов**
**Руслан Стефанов**
**д-р Тодор Галев**

CSD CENTER FOR THE STUDY OF DEMOCRACY

IDSCS Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

CIPE

Оваа студија е финансирана од Центарот за меѓународни приватни претпријатија (CIPE) и е имплементирана од Центарот за проучување на демократијата (CSD). CDS е единствено одговорен за оваа публикација и нејзината содржина не мора да ја одразува позицијата на CIPE.

Насловна слика: Canva

**ISBN: 978-954-477-461-5**

**© 2022, Центар за проучување на демократијата**
**Сите права задржани.**

# ПРИЗНАНИЈА

Анализата на економските податоци и клучните политички констатации за промовирање на конструктивен капитал меѓу Бугарија и Северна Македонија беше спроведена од интердисциплинарен тим од Центарот за проучување на демократијата (CSD) и Институтот за демократија „Социетас Цивилис" Скопје (ИДСЦС). Овој извештај немаше да биде возможен доколку ги немаше посветените напори на Марко Трошановски, претседател на ИДСЦС, Зоран Нечев, раководител на Центарот за европски интеграции при ИДСЦС и Миша Поповиќ, раководител на Центарот за добро владеење при ИДСЦС.

CSD постојано има корист од идеите кои произлегуваат од Центарот за меѓународни приватни претпријатија (CIPE) со седиште во Вашингтон, кој првично ги разви концептите на конструктивен и корозивен капитал. Во октомври 2022 година, CSD одржа стратешка бреинсторминг сесија со Ендрју Вилсон, извршен директор на CIPE, со Ерик Хонц, директор на Центарот за отчетни инвестиции и со Наталија Отел-Белан, регионален директор за Европа и Евроазија. Мошне вредна поддршка исто така дадоа и Џефри Лајтфут од CIPE, инаку програмски директор за Европа, и Џон Кеј, помошен програмски офицер за Европа и Евроазија, кои заедно со CSD имаа влијателни застапувања и  настан организиран во Брисел во месец октомври 2022 година.

Политичката анализа содржана во извештајот имаше голема корист од дискусиите кои беа организирани со Николај Милков, министер за надворешни работи на Бугарија и со Бујар Османи, министер за надворешни работи на Северна Македонија, и од нивното учество на тркалезната маса за промовирање на конструктивен капитал меѓу двете земји која беше одржана во Софија во ноември 2022 година. CSD исто така ја цени вклученоста и поддршката на Лукаш Кауцки, амбасадор на Чешката Република во Софија и на Јарослав Лудва, амбасадор на Чешката Република во Скопје, кои му помогнаа на CSD да го направи своето работење поконзистентно со приоритетите на чешкото претседателство со Советот на Европската Унија. Амбасадата на САД во Софија и амбасадорот Херо Мустафа сесрдно ја поддржаа и зголемената соработка меѓу Бугарија и Северна Македонија и работата на CSD чија цел е промовирање на конструктивен капитал.

Повеќекратните темелни и исцрпни дискусии со Александар Кржаловски, директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Сашо Клековски, виш советник во МЦМС, ја збогатија и македонската перспектива. Вели Креци, професор на Универзитетот Југоисточна Европа, исто така сподели важни размислувања во однос на инфраструктурата, соработката помеѓу бизнисите и поврзувањето помеѓу луѓето. Тимот на Американската стопанска комора во Северна Македонија исто така даде корисни идеи во почетокот на фазата на изготвување на овој извештај. CSD сака да им искаже посебна благодарност на Драган Давитков, претседател на Американската стопанска комора во Северна Македонија и Јелена

Арсовска, извршен директор на Американската стопанска комора во Северна Македонија.

CSD одржа повеќе состаноци во Скопје, Софија и Брисел, кои помогнаа дополнително да се проучат билатералните односи меѓу Бугарија и Северна Македонија, при што свој придонес дадоа експерти, новинари и истражувачи.

Мартин Владимиров, директор на Програмата за енергија и клима на CSD, помогна во дополнително насочување на фокусот на извештајот врз енергијата и зелената транзиција. Петер Терзиев, аналитичар во Економската програма исто така имаше клучна улога работејќи во позадина на систематизирање на статистичките податоци и информациите. Во текот на спроведувањето на студијата, Галина Сапунџиева, инаку службеник за комуникации, обезбеди техничко уредување со кое се помогна да се комплетира извештајот. Посебна благодарност до Конор О'Кели, аналитичар од Економската програма, за внимателното лекторирање на текстот на англиски јазик и до д-р Пену Кирацов, графички дизајнер на CSD, кој го направи овој извештај визуелно попривлечен и поинформативен. CSD, исто така, сака да искаже благодарност и до својот посветен тим на практиканти, вклучувајќи ги Александра Вонг и Џошуа Бабатунде, кои помогнаа во подготовката на позадинските анализи, прибирањето податоци и правењето упатувања.

# СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ . . . . . . . . . . 11

ВОВЕД . . . . . . . . . . 17

ПОЗИТИВНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС КОН ЕУ ЗА ДА СЕ БИДЕ ДЕСТИНАЦИЈА ЗА КОНСТРУКТИВЕН КАПИТАЛ . . . . . . . . . . 19

КОНТЕКСТ НА ДРЖАВАТА . . . . . . . . . . 25

БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ . . . . . . . . . . 29

- Секторски договори . . . . . . . . . . 30
- Безбедносна соработка . . . . . . . . . . 30
- Соработка овозможена од ЕУ . . . . . . . . . . 31

ЕКОНОМСКИ УЧИНОК И КОНКУРЕНТНОСТ . . . . . . . . . . 35

ИНВЕСТИЦИСКА КЛИМА ЗА КОНСТРУКТИВЕН КАПИТАЛ . . . . . . . . . . 39

- Трговија . . . . . . . . . . 39
- Инвестиции и дознаки . . . . . . . . . . 43
- Слободни економски зони . . . . . . . . . . 48
- Туризам . . . . . . . . . . 50

ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ НА КОНСТРУКТИВЕН КАПИТАЛ . . . . . . . . . . 53

- Инфраструктура . . . . . . . . . . 53
- Зелена трансформација . . . . . . . . . . 55
- Иновации и дигитализација . . . . . . . . . . 59

ШТО Е СЛЕДНО: ИТНИ ПРИОРИТЕТИ . . . . . . . . . . 61

ПРИЛОГ: ИЗБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ ЗА БУГАРИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . . . 69

# СПИСОК НА СЛИКИ


Слика 1. Цели на овој извештај .....18

Слика 2. Рамка за прекугранично промовирање на конструктивен капитал меѓу Бугарија и Северна Македонија.....20

Слика 3. Целни области на Програмата за прекугранична соработка Interreg-ИПА за Бугарија и Северна Македонија .....23

Слика 4. Клучни карактеристики на земјата .....27

Слика 5. Долгиот и кривулест пат на Северна Македонија кон започнувањето на преговорите за пристапување во ЕУ .....34

Слика 6. Клучни индикатори за економскиот учинок.....36

Слика 7. Избор од рангирања во однос на долгорочната конкурентност.....37

Слика 8. Дестинации со најголем извоз.....41

Слика 9. Најмногу извезувани производи.....42

Слика 10. Слободни економски зони во Северна Македонија .....51

Слика 11. Трансевропски коридори VIII и X што ги поврзуваат Бугарија и Северна Македонија .....55


# СПИСОК НА ТАБЕЛИ


Табела 1. Споредба помеѓу конструктивен и корозивен капитал ..... 17

Табела 2. Инструменти на ЕУ кои може да се користат за привлекување конструктивен капитал во Бугарија и Северна Македонија ..... 23


# СПИСОК НА РАМКИ СО ТЕКСТ


Рамка 1. Бугарски развојни проекти во Северна Македонија .....33

Рамка 2. Изградба на автопат за проток на капитал меѓу Скопје и Франкфурт преку Софија .....47

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АППТ | Активни политики на пазарот на труд |
| СПП | Спречување на перење пари |
| МЛД | милијарда |
| BBBB | Build Back Better World |
| БГ | Бугарија |
| БГЛ | бугарски левови |
| БГР | Бугарија |
| БМБК | Бугарско-македонски бизнис клуб |
| БМТИК | Бугарско-македонска трговско-индустриска Комора |
| BMZ | Германско сојузно министерство за економска соработка и развој |
| БНБ | Бугарска народна банка |
| BRI | Belt and Road иницијатива |
| ПГС | прекугранична соработка |
| CEF II | Инструмент Connecting Europe |
| CEFTA | Асоцијација за слободна трговија на Централна Европа |
| БПФТ | Борба против финансирање тероризам |
| CIPE | Центар за меѓународни приватни претпријатија |
| CPI (КПИ) | Индекс на ценовна потрошувачка |
| ЗРП | Заеднички регионален пазар |
| ЕБРД | Европска банка за обнова и развој |
| EBSI | Европска блокчеин инфраструктура за услуги |
| ЕБУ | Европска банкарска унија |
| EFT | Exchange-Traded Фонд |
| ЕФТА | Европска асоцијација за слободна трговија |
| eID | електронска идентификација |
| EIS | European Innovation Scoreboard |
| ENDC | Унапреден национален доделен придонес |
| ERDF | Европски фонд за регионален развој |
| ERM II | Европски механизам за курсна разлика II |
| ESCB | Европски систем на централни банки |
| ESF | Европски социјален фонд |
| ЕУ | Европска Унија |
| EUCU | Царинска унија на Европската Унија |
| EUR | евро |
| EUSDR | Стратегија на ЕУ за регионот на Дунав |
| СДИ | странски директни инвестиции |
| FEAD | Европски фонд за помош на најзагрозените |
| ТИРЗ | Слободна економска зона |
| ССИ | Совет на странски инвеститори |
| FTA | Асоцијација за слободна трговија |
| СТЗ | Слободни трговски зони |
| БДП | Бруто домашен производ |
| GERB | Граѓани за европски развој на Бугарија |
| СГ | Стакленички гасови |

| | |
|---|---|
| GIZ | Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit |
| ИБА | Агенција „Инвестирај во Бугарија“ |
| IBEX | Независна бугарска енергетска берза |
| ИТ | Информациско и комуникациска технологија |
| ЗПИ | Закон за промовирање на инвестиции |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ПСС | Права од интелектуална сопственост |
| М | милион |
| МАБУКО | Македонско-бугарска трговска и индустриска комора |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| ПГФР | Повеќегодишна финансиска рамка |
| СПТН | Статус на повластена трговска нација |
| МР | Меморандум за разбирање |
| MW | Мегавати |
| НАТО | Организација на северноатлантскиот договор |
| НБРМК | Народна банка на Република Северна Македонија |
| NDICI | Инструмент за соседство, развој и меѓународна соработка |
| NEAP | Национален акциски план за енергетска ефикасност |
| NECP | Национален план за енергетика и клима |
| NGEU | Следна генерација ЕУ |
| НВО | Невладини организации |
| МК | Северна Македонија |
| НПОО | Национален план за опоравување и отпорност |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| OPIC | Оперативна програма „Иновации и конкурентност“ |
| PGII | Партнерство за глобална инфраструктура и инвестиции |
| PISA | Програма за меѓународно оценување на ученици |
| ЈПП | Јавно-приватно партнерство |
| ПВ | фотоволтаици |
| R&D | истражување и развој |
| RCA | Откриена компаративна предност |
| ОИЕ | Обновлив извор на енергија |
| RRF | Инструмент за опоравување и отпорност |
| ДСА | Договор за стабилизација и асоцијација |
| ЈЕЕ | Југоисточна Европа |
| ПЕЗ | Посебна економска зона |
| МСП | мали и средни претпријатија |
| ПДС | претпријатие во државна сопственост |
| TEN-T | Политика за трансевропска транспортна мрежа |
| ОК | Обединето Кралство |
| USD | Американски долар |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ВБ6 | Шест земји од Западен Балкан |
| WBIF | Инвестициска мрежа за Западен Балкан |
| СЕФ | Светски економски форум |
| WGI | Светски индикатори за владеење |
| СТО | Светска трговска организација |
| YEI | Иницијатива за вработување на младите |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Војната во Украина го зајакна фокусот на Европската Унија кон потребата од побрза, но сепак базирана на заслуги, **интеграција на земјите од Западен Балкан и на земјите од источното соседство** во Унијата. Европската комисија и земјите-членки се обидоа да ги решат отворените билатерални прашања во регионот, кои го попречија напредокот во пристапувањето и кои претставуваа влезна точка за злонамерни странски сили, како што е Русија. Едно од тие отворени прашања е исто така и соработката меѓу Бугарија и Северна Македонија. По направениот пробив за време на францускотo претседателство од страна на Советот на Европската Унија во 2022 година, двете земји треба да се фокусираат на обнова на нивните односи, преку **отворање на можностите за привлекување конструктивни инвестициски текови** од САД и ЕУ.

Во изминативе девет години, Бугарија постојано беше втора по големина извозна дестинација за Северна Македонија. Во 2021 година македонскиот извоз во Бугарија изнесуваше 335 милиони евра, што е историски максимум. Слично на тоа, бугарскиот извоз кон нејзиниот југозападен сосед достигна десетгодишен максимум во 2021 година, со 411 милиони евра. Трговската размена меѓу двете земји **во 2022 година за прв пат се очекува да надмине 1 милијарда евра**. Северна Македонија е на 22 место меѓу бугарските партнери за увоз, додека Бугарија е осмиот најголем увозен партнер на Северна Македонија. Сепак, постои значителен простор за **дополнително натамошно проширување на трговските и инвестициските односи**. Двете земји беа некои од главните дестинации за нови странски инвестиции. Бугарските странски директни инвестиции во Северна Македонија беа на деветтото место со вкупен износ од 158 милиони евра[1] на крајот на 2021 година. Бугарија е шеста најголема дестинација за македонски инвестиции, кои изнесуваа речиси 9 милиони евра[2] во 2021 година. Слично на тоа, билатералниот туризам се развива на прогресивен начин: Бугарија е четврти по големина влезен пазар за Северна Македонија а Северна Македонија е шести по големина пазар за Бугарија.[3] Од почетокот на 2022 година доаѓа до интензивирање на секторскиот дијалог во областите економија, енергетика, инфраструктура, образование и култура. Властите на Бугарија и на Северна Македонија во моментов разговараат за неколку заеднички иницијативи чија цел е зајакнување на енергетската безбедност на двете земји. На крајот на октомври 2022 година, двете земји ја започнаа изградбата на железничкиот Коридор VIII кој има витална важност за економска интеграција.

Во текот на изминативе 20 години, двете земји претрпеа значителни политички, социјални и економски промени и **оствариja значителен напредок** кон евроатлантската интеграција. Северна Македонија направи големи исчекори кон создавање на услови кои се неопходни за постоење

1 Податоци од Бугарската народна банка.

2 Податоци од Народната банка на Република Северна Македонија.

3 Споредливи податоци од 2018 г.

на динамичен приватен сектор. И Бугарија исто така направи многу: напредокот кон приклучување кон еврозоната е овозможен благодарение на еластичното макроекономско опкружување и фискалната дисциплина. Беа преземени значајни структурни реформи со цел да се зголеми продуктивноста, да се унапреди конвергенцијата на приходите и да се одговори на општествените предизвици. Во текот на изминатава деценија БДП по глава на жител во двете земји речиси се удвои. Во овој поглед, Бугарија забележа повисок раст, достигнувајќи 58% од просечното ниво на ЕУ од аспект на стандардите за куповна моќ, додека во Северна Македонија овој раст беше 38% во 2020 година.

Сепак, двете земји и понатаму се соочуваат со **долготрајни социоекономски пречки** поради нецелосната реформска агенда во областа на владеење на правото и поради големите празнини кои постојат помеѓу правните рамки и практиката. Бугарија и натаму има најниска продуктивност и БДП по глава на жител во ЕУ. Најзначајно е тоа што земјата сè уште не станала членка на Шенгенскиот договор (и покрај тоа што ги има исполнето техничките критериуми за тоа уште во 2014 година), на еврозоната (иако е под аранжман на валутен одбор) и на ОЕЦД (каде аплицираше за членство во 2007 година). Северна Македонија допрва треба да ги заврши виталните структурни економски реформи поради што невработеноста и сивата економија се на високо ниво. Како резултат на тоа, во изминативе десет години **учеството на инвестициите во БДП на двете земји се намали**. Инвестициите во Бугарија во просек изнесуваа нешто помалку од 10 милијарди евра годишно, додека во Северна Македонија истите изнесуваа нешто повеќе од 2 милијарди евра. Во таа смисла, економиите на двете земји заедно инвестирале значително помалку отколку, на пример, Словачка.

Време е владите на Бугарија и Северна Македонија да стават приоритет на **заедничка агенда за инвестиции и раст**. Рамките на ЕУ и НАТО обезбедуваат доволно ресурси за спроведување на една таква агенда. Инструментот за закрепнување и отпорност на ЕУ (RRF) ѝ го овозможува на Бугарија најголемиот пакет за јавно финансирање досега во периодот до 2027 година, а Северна Македонија очекува да има корист од значителното зголемување на износот на претпристапно финансирање од страна на ЕУ. Двете влади треба да настојуваат да ги искористат овие значителни јавни ресурси за да привлечат **најмалку три пати повеќе конструктивен капитал од приватниот сектор** т.е. инвестиции кои се транспарентни, одговорни и се пазарно ориентирани.

Бугарија и Северна Македонија треба да се обидат да го спроведат политичкиот компромис кој беше постигнат за време на француското претседателство со ЕУ и кој го отвори патот за отворање на пристапните преговори со ЕУ. Решавањето на отворените билатерални прашања, исто така, ќе ја зголеми отпорноста на двете земји против злонамерните странски влијанија. Добра рамка што треба да се следи е Законот за демократија и отпорност на Западен Балкан, кој моментално се пробива низ конгресот на ЕУ и Акцискиот план за демократија на ЕУ. Следниве **препораки за политики** би можеле да го формираат столбот на една **заедничка стратегија на Бугарија и Северна Македонија за привлекување повеќе конструктивен капитал** за просперитет во регионот:

### Поттикнување на соработката во рамката за интеграција во ЕУ

- Спроведување и надоврзување на разните **секторски мерки** кои се опишани во Заедничкиот протокол меѓу Софија и Скопје од јули 2022 година, и тоа во следниве области:
  - економија, трговија и иновации;
  - инфраструктура, транспорт, поврзување;
  - европска соработка - зелена транзиција и дигитална трансформација, владеење на правото;
  - туризам, култура, наука и образование, млади и спорт.

Активноста на разните работни групи на министерско ниво мора да продолжи според конкретни акциски планови и временски рокови. Ова би требало да им помогне на двете земји да ги искористат ресурсите на ЕУ за да привлечат конструктивен капитал од приватниот сектор, особено во **двата приоритетни домени** кои Европската комисија ги зацрта за периодот 2021-2027 година: **зелена и дигитална трансформација**.

- **Размената на искуства во областа на ЕУ интеграцијата**, вклучително и искористување на јазичната блискост, би можело да го забрза транспонирањето на правото на ЕУ во Северна Македонија. Скопје, во суштина, ја започна својата подготовка за пристап во ЕУ уште во 2005 година а сега може да го искористи овој почеток за исклучително да ги забрза пристапните преговори. Северна Македонија треба да се обиде да извлече корист од неодамнешното искуство на пристапување на Бугарија и Хрватска, како и од тековните преговори кои со ЕУ ги води актуелниот предводник во процесот, Црна Гора.

- **Вклучување во планирање и спроведување на повеќе заеднички проекти** според инструментите за финансирање на ЕУ кои им се достапни за двете земји. Бугарија би можела да има водечка улога во овој процес и да овозможи повеќе планирање и ресурси за интензивирање на таквата соработка. Бугарија би можела да иницира **наменски билатерален фонд за развој на инфраструктурата** (на пример од 1 милијарда евра во следната деценија) како знак на политичка волја и практична подготвеност да испорача промени и да овозможи повеќе конструктивен капитал во соседните земји.

- Двете земји можат исто така да развијат слични алатки за соработка во однос на **иновациите, ИТ и зелената технологија**, како и **соработката со граѓанското општество и помеѓу младите,** а сето тоа во рамките на официјалната развојна помош за Бугарија. Таквата соработка би можела дополнително да се зајакне преку билатералната програма за прекугранична соработка на ЕУ наречена Interreg. **Бугарскиот Фонд на фондови**, кој управува со поддршката за иновативни финансиски инструменти наменети за ризичен капитал и урбан развој, би можел дополнително да ја поттикне интеграцијата на растечките и динамични екосистеми за ИТ стартап компании од двете земји. Министерствата за економија, иновации и наука би можеле да поттикнат соработка во **рамковната програма на ЕУ за истражување и иновации** преку обезбедување насочена поддршка за целите на подготовка на заеднички понуди во рамките на програмата.

- Бугарија би можела да бара да стане **еден од билатералните донатори** во рамките на Инвестициската рамка за Западен Балкан, за да ја поддржи конвергенцијата на Северна Македонија со ЕУ, зајакнувајќи ја притоа соработката помеѓу двете земји во овој процес. Ова, исто така, може да помогне Бугарија да се позиционира како еден од стратешките партнери на Заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан.

- Да се настојува **активно ангажирање и искористување на други меѓународни или регионални иницијативи за соработка** со цел привлекување инвестиции на конструктивен капитал во двете земји, како што се Берлинскиот процес, Советот за регионална соработка и Процесот на соработка во Југоисточна Европа, Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа, Централноевропската иницијатива, Иницијатива за трите мориња, Макро-регионалните стратегии на ЕУ (Дунавската и Јадранско-јонската), итн.

## Зголемување на поврзаноста

- Да се вложат поголеми напори и ресурси за да се постигнат конкретни резултати во **подобрувањето на патната и железничката инфраструктура** долж сите гранични премини, што би ја зголемило слободната циркулација на стоки и луѓе, а исто така ќе ја подобри и воената мобилност на НАТО помеѓу сојузниците на источното крило (т.е. рутата долж Коридорот VIII и железничката линија Софија-Скопје; заедно со новиот граничен премин).

- Да се искористат моментумот и можностите што ги нуди гасниот интерконектор Грција – Бугарија за развој на **дополнителни гасни интерконекции** помеѓу Бугарија и Северна Македонија, а истовремено да се продолжи со намерата да ѝ се овозможи пристап на Северна Македонија до капацитетот за складирање гас во Чирен, Бугарија.

- Воспоставување на пазар на електрична енергија за еден ден претходно во Северна Македонија, како предвесник за имплементација на патоказот за **спојување на пазарите на електрична енергија** на двете земји.

- Понатамошно проширување на трговијата, инвестициите и туризмот. Како главна севкупна цел, двете земји би можеле да се стремат кон **најбрзо растечки трговски и инвестициски промет за соодветниот пазар на другата земја.** Тие исто така треба промовираат и заеднички инвестиции, да обезбедува заштита на инвеститорите и да бараат интеграција во синџирот на вредности. ИТ секторот може дополнително да биде поттикнат да споделува искуство, знаење и ресурси.

- Поттикнување на **размената на искуства и техничка помош** (TAIEX) со цел осмислување мерки и активности за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија.

- Развивање, зајакнување и координација на механизмите за економска безбедност, како што се **проверка (скрининг) на инвестициите** и **спроведување санкции** во рамките на ЕУ, учење од искуството на земјите од Централна и Источна Европа, ЕУ и САД

- Ставање акцент на **конкретни сектори со потенцијал за раст и отворање работни места** од двете страни на границата и во согласност со дигиталната модернизација и зелената трансформација на двете економии (пример за ова би бил ИТ секторот).

- Зголемување на напорите и посветување ресурси со цел поттикнување на поголема **поврзаност меѓу луѓето**, како неопходна алатка за надминување на поделбите од минатото. Заедничко решавање на **демографските и проблемите со „одливот на мозоци**“ преку искористување на знаењето и преку подобри можности за стипендирање.

## Справување со заробената држава и со ранливоста поврзано со економската сигурност

- Бугарија и Северна Македонија треба да го надградат своето членство во НАТО како отскочна штица и основа за **зацврстување на одбранбената соработка и подобрена безбедност со цел развој на бизнисот**.

- Насочување кон **поблиска соработка со САД**, како држава која сè уште е незаменлива кога станува збор за гарантирање на демократската транзиција на целиот регион на Балканот и Црното Море. Бугарија треба да се обиде да ја прошири својата улога во рамките на Иницијативата за трите мориња и да го усогласи своето работење во таа иницијатива со приоритетите за билатерална соработка со Северна Македонија.

- Обединет став кон **одговорите на двојните предизвици на заробување на медиумите и државата и руската економска војна** и влијание во регионот.

Зајакнувањето на соработката меѓу Бугарија и Северна Македонија има ветувачки изгледи за отворање на пристапување во ЕУ за целиот Западен Балкан и ќе ги зголеми изгледите за просперитет на земјите од Југоисточна Европа. Од **владите, приватниот сектор и од лидерите на граѓанското општество на двете земји зависи ова ветување да биде заеднички исполнето**. Патот нема да биде лесен – тој ќе биде поплочен со претходните неуспеси - но ако се надминат себеси во овој моментот, Бугарија и Северна Македонија ќе ги зајакнат своите економии, општества и својата одбрана од мешањето на Русија и другите авторитарни држави, правејќи ги на тој начин ЕУ и НАТО посилни и пообединети во тој процес.

# ВОВЕД

Воената агресија од страна на Русија беше инспирација за досега невиден степен на единство, решителност и издржливост од страна на глобалната демократска заедница, особено во Европа. Ова отвори **прозорец на можност** за земјите од Западен Балкан да се вратат на патот на демократските пазарни реформи и евроатлантски интеграции. Бугарија и Северна Македонија би можеле да ја искористат оваа можност за да продолжат кон следната фаза од нивниот економски развој и заедничка интеграција во европските пазари.

Во изминативе две децении, двете земји постигнаа значителен политички, социјален и економски напредок. Сепак, двете земји и понатаму се соочуваат со нерешени предизвици во владеењето, кои се однесуваат на заробување на државата и медиумите, кои им штетат на економската стабилност и ја ослабуваат европската безбедност. Иако закрепнувањето на двете земји по завршувањето на пандемијата беше ускратено поради војната во Украина и поради поврзаната со тоа енергетска криза, што доведе до шокови низ целиот регион, сепак пред нив се наоѓаат големи надежи. До 2027 година, Бугарија се очекува да го добие најголемиот инвестициски пакет во јавниот сектор во својата историја, додека Северна Македонија може да има корист од значителното зголемување на финансирањето од страна на ЕУ и САД. Сепак, за да се искористи максимумот од овие можности, двете влади треба да **користат јавно финансирање за да привлечат конструктивен капитал**[4] од приватниот сектор, односно инвестиции кои се транспарентни, одговорни и пазарно ориентирани. Ако биде искористена на правилен начин, поддршката од ЕУ за јавни инвестиции би можела да резултира со трипати поголем прилив на приватен конструктивен капитал од ЕУ и САД.

**Табела 1. Споредба помеѓу конструктивен и корозивен капитал**

| Конструктивен капитал | Корозивен капитал |
|---|---|
| Добро управувани инвестициски текови кои се транспарентни, пазарно ориентирани и одговорни, како кај своите извори на финансирање така и во крајните дестинации. | Нетранспарентните инвестициски текови не се пазарно ориентирани и нивен мотив е да се искористат празнините во владеењето за да се влијае на економските, политичките и социјалните случувања на земјите корисници на таквите инвестиции. |

**Извор:** Центар за меѓународни приватни претпријатија (CIPE)[5]

[4] Конструктивен капитал се однесува на добро управувани инвестициски текови кои се транспарентни, пазарно ориентирани и одговорни, како кај своите извори на финансирање така и во крајните дестинации. Види повеќе: Center for International Private Enterprise, *A Framework for Constructive Capital: Investment, Integrity, Impact*, 2022.

[5] Центарот за меѓународни приватни претпријатија (CIPE), Вашингтон со децении работи на зајакнување на демократијата ширум светот преку приватни претпријатија и пазарно ориентирани реформи. CIPE го има развиено концептот на конструктивен и корозивен капитал.

Овој извештај нуди еден **сеопфатен сет на препораки за политики чија цел е поголем прилив на конструктивен капитал во и помеѓу Бугарија и Северна Македонија.** Извештајот се стреми да ги постигне следниве три повеќеслојни и меѓусебно поврзани цели:

1. Промовирање на конструктивниот и ограничување на корозивниот капитал во Бугарија и во Северна Македонија;
2. Препознавање на најважните бариери за билатералните приливи на конструктивен капитал; и
3. Да понуди интегрирани предлози за политики и мерки за поттикнување на инвестициите во развој на приватниот сектор, технолошкиот напредок и иновациите.

**Слика 1. Цели на овој извештај**




**Извор:** Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

# ПОЗИТИВНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС КОН ЕУ ЗА ДА СЕ БИДЕ ДЕСТИНАЦИЈА ЗА КОНСТРУКТИВЕН КАПИТАЛ

Бугарија и Северна Македонија би можеле да ги искористат значителните инвестиции ВО јавниот сектор од страна на ЕУ во двете земји за да развијат **сеопфатна рамка за привлекување конструктивен капитал**. Рамката за пристапување и интеграција во ЕУ обезбедува дополнителни важни одредници за добро владеење и пазарна транспарентност, особено кога станува збор за јавните набавки, државната помош и проверката на инвестициите, инаку области кои се клучни за привлекување конструктивен капитал. Членството на двете земји во НАТО е важно безбедносно сидро за да им се овозможи на нивните влади да се фокусираат на агендата насочена кон економски реформи. Истовремено, лидерството на САД и нивниот обновен ангажман во регионот со цел демократизација и борба против корупцијата преку Самитот за демократија и Глобалниот Магнитски акт би можеле да бидат двигатели на потребниот импулс за унапредување на владеењето на правото. За да привлечат конструктивен капитал за осовременување на своите економии, Бугарија и Северна Македонија можат да ставаат акцент на развивање заеднички економски иницијативи и проекти чија цел е модернизација преку спроведување на **заедничките приоритети на ЕУ за дигитална и зелена транзиција**[6]. Двете земји можат да ги координираат своите активности насочени кон декарбонизација и циркуларна економија така што ќе ги комбинираат капацитетите и знаењето кои ги имаат, и ќе се ангажираат во Твин Транзиција со употреба на конструктивен капитал.

ЕУ ѝ обезбедува **далеку поголема јавна финансиска помош на Бугарија** отколку на земјите од Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија. Во периодот од 2021 до 2027 година, Бугарија треба да добие 11 милијарди евра[7] од структурните и кохезионите фондови на ЕУ, кои би можеле да бидат дополнети со повеќе од 10 милијарди евра од Инструментот за закрепнување и отпорност. Покрај овие билатерални механизми за финансирање помеѓу ЕУ и Бугарија, земјата исто така има пристап до бројни програми ширум ЕУ во сите домени на европската политика. Дополнително, од 2022 година, Бугарија е рангирана меѓу првите пет земји-членки на ЕУ со најцврсти фискални позиции, благодарение на комбинацијата на низок јавен долг и буџетски дефицит. Во таа смисла, **Бугарија би можела да ја преземе водечката улога во развивањето и спроведувањето на политики за економска соработка** со Република Северна Македонија кои се насочени кон подобрување на инвестициската клима и кон прилив на приватен конструктивен капитал во двете соседни земји.

---

6 Center for the Study of Democracy, *Promoting Constructive Capital in Bulgaria*, Sofia: CSD and ARC Fund, 2021.

7 European Commission, "EU Cohesion Policy: Commission adopts €11 billion Partnership Agreement with Bulgaria for 2021 – 2027", *Newsroom*, July 6, 2022.

**Слика 2. Рамка за прекугранично промовирање на конструктивен капитал меѓу Бугарија и Северна Македонија**[8]




**Извор:** Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

Во 2020 година, во обид да ја зголемат својата помош за регионот и да ја забрзаат неговата интеграција, Европската комисија, земјите-членки на ЕУ и Норвешка го воспоставија **Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан**[9] кој содржи пет инвестициски приоритети: одржлив транспорт; чиста енергија; животна средина и клима; дигитализација; и човечкиот развој. Планот мобилизира 9 милијарди евра во вид на јавна поддршка од Европската комисија за периодот од 2021 до 2027 година со цел да се зајакне економската и социјалната конвергенција на регионот со ЕУ. Планот исто така има за цел да го поттикне долгорочното закрепнување на регионот, истовремено надминувајќи ги структурните слабости и забрзувајќи ја зелената и дигиталната транзиција. Дополнително, ЕУ ќе обезбеди 1 милијарда евра во вид на гаранции за намалување на трошоците за финансирање на инвестиции. Планот е надополнет и со **Гарантниот инструмент за Западен Балкан**, кој има за цел да собере инвестиции до 20 милијарди евра во следните десет години.[10]

Средствата за Економскиот и инвестицискиот план и Гарантниот инструмент за Западен Балкан се добиени од Инвестициската рамка за Западен Балкан[11], инаку мултидонаторска платформа која ги обединува

---

8 Center for International Private Enterprise, *A Framework for Constructive Capital: Investment, Integrity, Impact*, 2022. Рамката се однесува на прашањето како државите можат да развијат ефективни политики за да поттикнат текови на конструктивен капитал. Таа ги посочува нормативните и практични основи за конструктивен капитал и предлага модел за премостување на празнините во владеењето преку меѓусебно зависни врски помеѓу инвестициите, интегритетот и влијанието.

9 Western Balkans Investment Framework, Economic and Investment Plan for the Western Balkans 2021-2027.

10 European Commission, An Economic and Investment Plan for the Western Balkans, COM(2020) 641 final, October 6, 2020.

11 Western Balkans Investment Framework, About us, Who We Are.

финансиските институции, вклучувајќи ги Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Европската инвестициска банка, со билатерални донатори. Бугарија би можела да ја искористи оваа можност да стане **еден од билатералните донатори** во оваа заедничка европска иницијатива за да даде поддршка на конвергенцијата на Северна Македонија со ЕУ и за зајакнување на соработката на двете земји во тој процес. Ова, исто така, може да ѝ помогне на Бугарија да се позиционира како еден од стратешките партнери на Заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан.

Во февруари 2022 година беше одобрен првиот пакет кој содржи 21 проект за поддршка на **главните инвестиции од Планот** во износ од 1,1 милијарда евра во вид на грантово финансирање од ЕУ, и тоа преку Инструментот за претпристапна помош 2021-2027 година (ИПА III), во вкупна вредност на инвестиции од 3,2 милијарди евра овозможени преку билатерални придонеси од земјите-членки на ЕУ и Норвешка и во вид поволни заеми од меѓународни финансиски институции. Еден од 21-те одобрени проект е последната делница од железничкиот коридор меѓу Северна Македонија и Бугарија, со вкупна инвестиција од 412 милиони евра.

Северна Македонија и Бугарија можат билатерално да соработуваат во насока на зајакнување на конкурентноста на нивните домашни индустрии преку **прекуграничната програма Interreg-ИПА за Северна Македонија и Бугарија**.[12] Усвоена во 2015 година, оваа програма достигна вкупна вредност поголема од 19 милиони евра до 2020 година.[13] За тековниот програмски период од 2021 до 2027 година, износот на финансискиот придонес од ЕУ се зголеми на 31 милион евра.[14] Овој програмски буџет вклучува и финансирање на еден стратешки проект за граничниот премин Клепало, за кој се резервирани околу 10 милиони евра. Програмата опфаќа два погранични региони во Бугарија – окрузите Благоевград и Ќустендил, како и три погранични региони во Северна Македонија и тоа североисточниот, југоисточниот и источниот регион со вкупна површина од 9.501 квадратни километри со повеќе од 480.000 жители.[15] Програмата поттикнува проекти кои се поврзани со зачувување на природата и биодиверзитетот, одржливо користење на природните ресурси, заштита на животната средина и управување со прекуграничниот ризик. Од 2007 година досега, Бугарија и Северна Македонија започнаа **повеќе од 130 регионални проекти** во рамките на прекуграничната програма INTERREG. Примарни активности до денес се обуките и кампањите за подигање на свеста. Мнозинството од водечките партнери се јавни власти како што се општините, државните агенции, здруженија и културни и образовни субјекти. **Бизнисите и приватните претпријатија**, како и нивните соодветни здруженија, се **недоволно застапени во значителна мера**. Сегашната програма ќе финансира проекти според три приоритети: (а) унапредување на интегрираниот развој во прекуграничниот ре-

---

12 Interreg EU, Interreg IPA CBC Bulgaria – Republic of North Macedonia, May 11, 2018.

13 Interreg IPA CBC Bulgaria – Republic of North Macedonia, 2020+.

14 Ministry of Regional Development and Public Works of the Republic of Bulgaria, INTERREG VI-A IPA Bulgaria – North Macedonia 2021-2027.

15 Овие 5 региони се поделени според Европската номенклатура на територијални единици за статистички цели (NUTS). Петте региони се на ниво NUTS III.

гион, (b) позелен регион и (c) негово подобро поврзување (на пр. новиот граничен премин Клепало)[16].

Покрај главните инструменти на ЕУ кои се конкретно наменети за двете земји а за кои зборувавме претходно, двете држави можат исто така да користат и низа други алатки и програми на ЕУ кои им се достапни на Софија и/или Скопје за финансирање на заеднички проекти, како што се:

- Финансирање на **Трансевропски транспортен коридор**: изградбата на железничкиот Коридор VIII од Северна Македонија кон Бугарија значително се одложи, што е причина за загриженост кога станува збор за финансирањето од ЕУ. Потребни се дополнителни и итни напори за да се забрза напредокот во сите фази на овој железнички коридор и на другите приоритетни делници од основната мрежа која опфаќа железничко и патно поврзување.[17]

- **Европската програма за истражување и иновации – Хоризонт Европа**, која располага со вкупен буџет од 95,5 милијарди евра и која им е достапна на истражувачките организации и компании од Бугарија и Северна Македонија.

- Инструменти за финансирање на **Европскиот инвестициски фонд** и **Европската инвестициска банка**, како и Меѓународната и Европската банка за обнова и развој.

- Фондот за солидарност на ЕУ за помош при катастрофи и CARE инструментот наменет за бегалците.

- **Макро-регионалните територијални стратегии** на ЕУ и нивните соодветни програми за финансирање. Бугарија е дел од регионалната стратегија на реката Дунав, додека Северна Македонија[18] сè уште не е дел од ниту една од тие стратегии.

- Програми и иницијативи на **регионални и билатерални донатори**, како што се Централноевропската иницијатива, Вишеградскиот фонд и развојната соработка на САД, Норвешка, Швајцарија, Германија, Австрија итн.

---

16 Во март 2022 година беше организирана интернет сесија на заедничката работна група на Програмата за прекугранична соработка Interreg-ИПА меѓу Бугарија и Северна Македонија за новиот програмски период 2021-2027 година. По усвојувањето на конечниот нацрт од страна на заедничката работна група, Програмата беше доставена на конечно усвојување до Европската комисија во Брисел. Се чека одобрување од ЕК.

17 European Commission, *North Macedonia Report 2022*, SWD(2022)337, Brussels, 12.10.2022, p. 94.

18 Единствената друга земја од Западен Балкан што не е дел од една таква регионална стратегија е Косово.

**Слика 3. Целни области на Програмата за прекугранична соработка Interreg-ИПА за Бугарија и Северна Македонија**




**Извор:** Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

**Табела 2. Инструменти на ЕУ кои може да се користат за привлекување конструктивен капитал во Бугарија и Северна Македонија**

| Иницијативи и инструменти | Очекуван буџет | Временски период | Достапно за: |
|---|---|---|---|
| INTERREG IPA III<br>• Прекугранична соработка Бугарија – Република Северна Македонија<br>• Економски и инвестициски план за Западен Балкан | • 31 милиони евра<br>• Вкупно 9 милијарди евра за сите програми | 2021-2027 година | МК и БГ |
| Гарантен инструмент за Западен Балкан | Вкупно 20 милијарди евра за сите програми | 2021-2031 година | МК |
| Хоризонт Европа | Вкупно 95 милијарди евра за сите програми | 2021-2027 година | МК и БГ |
| Политика на трансевропска транспортна мрежа (TEN-T) | Вкупно 18,5 милијарди евра доделени во 2014-2020 година во рамките на Европската рамка за урбана мобилност | | МК и БГ |

**Табела 2. Инструменти на ЕУ кои може да се користат за привлекување конструктивен капитал во Бугарија и Северна Македонија (продолжение)**

| Иницијативи и инструменти | Очекуван буџет | Временски период | Достапно за: |
|---|---|---|---|
| Механизам за опоравување и отпорност кој е дел од ¨Следната генерација ЕУ“ на Европскиот план за закрепнување | На Бугарија ѝ се доделени 5,69 милијарди евра грантови и 4,549 милијарди евра заеми | 2021-2027 година | БГ |
| Европски структурни и инвестициски фондови<br>• Европски фонд за регионален развој (ERDF)<br>• Европски социјален фонд (ESF)<br>• Кохезиониот фонд (CF)<br>• Европски земјоделски фонд за рурален развој (EAFRD)<br>• Европски поморски и рибарски фонд (EMFF) | Вкупно 9 милијарди евра за сите проекти | 2023-2027 година | БГ<br><br>ERDF и EARDF може да се користат за проекти кои исто така ја вклучуваат и МК во региони со територијална близина како што се Благоевград и Ќустендил |
| Фонд за праведна транзиција | Вкупно 19,2 милијарди евра за сите проекти | 2021-2027 година | БГ<br><br>Овој Фонд може да се користи за проекти во Ќустендил, кој е територија која е подобна за финансирање |
| Фонд за солидарност на Европската Унија | 41,5 милиони евра ѝ се доделени на Бугарија | Во 2020 година Фондот беше проширен за да ги опфати итните случаи од голем обем поврзани со јавното здравје | БГ и МК |
| Помош за обновување на кохезијата и територииte на Европа (RE-ACT-EU) | 656 милиони евра (MEF 2021-2027, NGEU 2021-2024) | 2021-2027 година (краен рок за аплицирање е 2023 година) | БГ |

# КОНТЕКСТ НА ДРЖАВАТА

**Северна Македонија** е земја со средно-високо ниво на приходи која се наоѓа во срцето на Балканскиот Полуостров и има површина која е малку помала од површината на Белгија. Речиси една четвртина од двомилионското население живее во главниот град Скопје а околу 40% живеат во руралните средини. Северна Македонија се наоѓа на крстосницата на два главни паневропски коридори: Коридорот VIII исток-запад што ги поврзува Црното и Јадранското Море и Коридорот и Коридорот X север-југ што ги поврзува Љубљана и Будимпешта со Солун.[19] Повеќе од една деценија, стремежот за интеграција во ЕУ и НАТО беше движечката сила за правни, институционални и економски реформи во земјата. Внимателните макроекономски политики ја намалија инфлацијата, создадоа фискален простор за контрациклично управување и го ублажија влијанието на глобалната финансиска криза која се случи во периодот 2008-2012 година. По 2009 година, растот и експанзивните фискални мерки ѝ дадоа поттик на економијата, отворија нови вработувања и ја намалија сиромаштијата. Во периодот од 2000-та до 2019 година **се удвои доходот по глава на жител**, растот на БДП во просек изнесувал 2,8% на годишно ниво а невработеноста постојано се намалувала од околу 32% на 17%. За осум години (2009-2017) повеќе од 250.000 луѓе беа извлечени од сиромаштија.[20] Северна Македонија демонстрираше **силен историјат во спроведувањето на деловните реформи** со цел негување на плодно деловно опкружување и забрзување на домашните и странските инвестиции. Имено, земјата одржува една од најниските стапки на корпоративен данок на доход во светот (10%). Сепак, **заробувањето на државата и загриженоста во врска со корупцијата** ги намалија инвестициите ако зборуваме за нивниот удел во БДП.

Како мала економија со ограничен внатрешен пазар, Северна Македонија во голема мера е зависна од трговија, при што извозот и увозот на стоки и услуги учествуваа со 133% од БДП-то во 2018 година. Иако повеќето макроекономски показатели изгледа дека се усогласени со оние на другите земји кандидати за ЕУ во периодот кога тие ги започнаа пристапните преговори, показателите за Worldwide Governance (WGI) во однос на Северна Македонија не го следат овој чекор.[21] Продолжената политичка и изборна криза од 2015-2017 година ги истакна слабостите на **системското владеење** и ја намали довербата на јавноста. Развојот на земјата

---

[19] Северна Македонија е зависна од своите соседи за транзит на стоки: најблиското пристаниште е Солун, Грција кое се наоѓа околу 90 километри јужно од границата, со патно поврзување.

[20] Стапката на сиромаштија постојано опаѓа, и тоа од 35,1% во 2009 година на 18,2% во 2017 година. Сиромаштијата се мери со помош на линијата на сиромаштија на земјите кои имаат средно-високи приходи во износ од 5,5 американски долари на ден во 2011 година PPP (World Bank Poverty and Equity Brief, April 2020).

[21] Според Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), Северна Македонија е на исто ниво со средното ниво на структурни и институционални показатели за земјите во времето кога тие ги отвориле преговорите. Сепак, тој е под 25-от процент во однос на индексите за владеење на правото и контрола на корупцијата.

се соочува со пречки поради големиот обем на сива економија[22], кревки државни институции, неефикасно судство и јавна администрација, нецелосна реформска агенда и големите празнини кои постојат помеѓу **правната рамка и праксата**. Земјата покажува знаци на заробување на државата, вклучително и поврзаност со организираниот криминал и корупција на сите нивоа на влада и администрација, како и длабока испреплетеност на јавниот и приватен интерес.[23] Сите овие празнини во владеењето **го стеснуваат просторот за конструктивен капитал и ги влошуваат економските и социјалните нееднаквости**. Континуирано растечкиот јавен долг претставува значителен ризик за одржливоста на јавните финансии. Трговското и транспортно поврзување е недоволно; интеграцијата во синџирите на вредности е слаба; деловните регулативи, конкурентноста и инвестициските политики се дефицитарни а пристапот до финансии и дигиталното поврзување се недоволно искористени. Напредокот на Северна Македонија се соочува и со проблем во вид на **недостиг на работна сила** кој е отежнат поради стареењето на населението и долготрајната традиција на иселување. Деградацијата на природните ресурси, лошиот квалитет на воздухот и несоодветното управување со отпадот се дополнителни области на загриженост. Северна Македонија е исто така подложна и на природни опасности поради својата незгодна поставеност на Евроазиската тектонска плоча која има раседна линија што поминува низ нејзината територија, поради што постои среден до висок ризик од земјотреси и голема изложеност на поплави и пожари на отворено.[24]

Сепак, во изминативе две години Северна Македонија постигна голем **напредок кон евроатлантските интеграции**, што земјата може да го искористи за зајакнување на приливот на конструктивен капитал, особено искористувајќи ги економските можности кои се отворени благодарение на тоа што таа е сосед со членките на ЕУ и НАТО, Бугарија и Грција.

Петнаесет години откако **Бугарија** стана членка на ЕУ, голем број на инвеститори ја гледаат оваа држава како **атрактивна дестинација со ниски трошоци**, која овозможува една од најевтините работни сили во ЕУ и ниски и рамни даноци за корпорации и за добивка. Во 2015 година, Бугарија беше наградена со Офшоринг дестинација на годината од страна на Националната асоцијација за аутсорсинг на Обединетото Кралство и со Европска офшор дестинација на годината од страна на Европската асоцијација за аутсорсинг. Сепак, Бугарија е на врвот на негативното рангирање во ЕУ во однос на платите, продуктивноста на ресурсите и трудот, конкурентноста, транспортната инфраструктура, образованието и здравството. Таа е најсиромашна, најнееднаква, корумпирана и енер-

---

22 Сивата економија се проценува дека вреди околу една третина од БДП-то на државата. Dzhekova, R., Franic, J., Mishkov, L., and Williams, C., *Tackling the undeclared economy in FYR Macedonia: A baseline assessment*, University of Sheffield, 2014.

23 Shentov, O., Stefanov, R., and Todorov, B. (eds.), *Western Balkans 2020: State-Capture Risks and Policy Reforms*, SELDI, 2020.

24 Ризик од поплави во државата е поголем отколку во која било друга земја во регионот на Европа и Централна Азија (ECA). Врз основа на податоците на EM-DAT, во периодот помеѓу 1990-2022 година во земјата се случиле 24 тешки катастрофи кои довеле до директна штета во износ поголем од 629 милиони американски долари (според сегашниот курс), не сметајќи ја тука загубата на човечки животи.

гетски интензивна економија во ЕУ. Бугарија е нација чие **население се намалува со најголема брзина на светот**: во последните 30 години таа останала без речиси 28% од своето население. Се прогнозира дека населението дополнително ќе се намали за уште 25% до 2040-2050 година[25]. Оваа вртоглава надолна спирала е предизвикана од ниските стапки на наталитет, масовното иселување и високите стапки на смртност. Пандемијата на коронавирусот негативно влијаеше на демографската криза: Бугарија е на првото место во ЕУ (а втора во светот) со најголем број смртни случаи од Ковид-19 на милион население. Со сегашните стапки на раст на БДП по глава на жител, се предвидува дека приближувањето кон просечниот животен стандард на ЕУ нема да трае помалку од 2,5 децении.

**Слика 4. Клучни карактеристики на земјата**




**Извор:** The World Factbook, Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

[25] Nikolov, K., "Bulgarian population shrunk over 10% in a decade", *EURACTIV*, January 7, 2022.

Од позитивната страна на работите, Бугарија **е една од фискално нај-дисциплинираните држави на ЕУ**: во текот на првата деценија од овој век, дојде до зголемување на просечната стапка на раст и земјата воспостави фискални бафери, а истовремено и го намалува својот јавен долг кој е еден од најмалите помеѓу земјите-членки на ЕУ. Во јули 2020 година, бугарскиот лев стана дел од Европскиот механизам за девизен курс II (ERM II) или популарно познат како „чекална на еврозоната". Владата се придржуваше кон голем број на претходно преземени обврски во областа на банкарската и небанкарската финансиска супервизија, перењето пари и управувањето со државните претпријатија, благодарение на што земјата беше примена во Европската банкарска унија (EBU) во октомври 2020 година. Поминувајќи две суштински пресвртници (milestones) на својот пат кон придружувањето кон еврозоната, Бугарија **вети дека ќе ја усвои единствената валута на почетокот на 2024 година**. Нејзиното воведување ќе го елиминира валутниот ризик, ќе овозможи поголема отпорност на надворешни шокови, пониски каматни стапки, ќе обезбеди поповолен пристап до финансиските пазари и ќе ги намали трансакциските трошоци. Севкупно земено, се очекува овие придобивки да ја забрзаат поголемата економска ефикасност и исто така да го забрзаат растот преку понатамошна трговска и финансиска интеграција.[26] Во 2022 година, Бугарија, заедно со Романија и Хрватска, добија зелено светло за почеток на пристапните разговори со Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД).[27]

---

26 Поради долготрајната политичка нестабилност во светлината на руската војна во Украина, прогнозите се неизвесни. Бугарија се соочува со ризици во однос на фискалната одржливост и конвергенција на инфлацијата на среден и долг рок.

27 ОЕЦД е основан во 1961 година и претставува посебен форум каде владите на 38 демократски држави меѓусебно соработуваат во развивање на стандарди за јавни политики кои промовираат одржлив економски напредок. Сите земји членки учествуваат со три петтини од глобалниот БДП, со три четвртини од светската трговија и со половина од светската потрошувачка на енергија.

# БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ

Бугарија и Северна Македонија имаат **динамични и сложени дипломатски односи** со многу подеми и падови кои ги следат внатрешно-политичките приоритети на двете земји. И понатаму се отворени некои важни прашања во областите на политика и историја. Двете земји имаат тенденција да ставаат приоритет на политичките и историски прашања пред економскиот развој. Сепак, рамката за соработка на ЕУ и НАТО и билатералните односи кои се развиени во изминативе триесет години, овозможуваат поттикнување на економскиот раст со цел **привлекување на конструктивен капитал** во регионот. Ова ќе биде од корист за двете земји и ќе го ревитализира економскиот развој и просперитетот долж границата која порано беше најоддалечениот и најпустиот дел од поранешната Железна завеса.

Бугарија беше **првата земја што ја призна македонската држава** во јануари 1992 година, откако таа прогласи независност од Југославија. Дипломатските односи меѓу двете земји беа воспоставени во декември 1993 година. Во разните сектори на соработка, Бугарија и Северна Македонија досега имаат склучено 55 билатерални договори кои не се предмет на ратификација и 34 билатерални договори кои се предмет на ратификација во собранијата.[28]

**Двата клучни политички договори** меѓу Бугарија и Северна Македонија се следниве:

- **Заедничката декларација од 22 февруари 1999 година** потпишана од премиерите на двете земји, Иван Костов и Љубчо Георгиевски. Истата беше потврдена со заеднички меморандум потпишан од двете земји на 22 јануари 2008 година во Софија. Заедничката декларација беше првиот формален обид за решавање на отворените билатерални прашања и зголемување на соработката преку овозможување слободно движење на стоки, луѓе и капитал; подобрување на прекуграничниот туризам, транспортот и поврзувањето; и поттикнување на соработка во областите здравство, култура и медиуми. Сепак, оваа Заедничка декларација не доведе до пробив па така во текот на следните 15 години, билатералните односи беа во сенка на несогласувањата. Во 2012 година Бугарија ѝ се придружи на Грција и за прв пат стави вето на почетокот на преговорите за пристапување на Северна Македонија во ЕУ.[29]

- **Договорот за пријателство, добрососедство и соработка** потпишан од премиерите на двете земји, Бојко Борисов и Зоран Заев, на 1 август 2017 година и кој стапи во сила на 14 февруари 2018 година. Договорот има за цел да ја зајакне соработката во рамки на разни меѓународни организации и форуми каде двете земји се членки,

---

[28] Списокот на договори кој е подготвен од Министерството за надворешни работи на Северна Македонија (МНР) може да се најде овде.

[29] Gotev, G., "Bulgaria vetoes Macedonia's EU accession talks", *EURACTIV*, November 2, 2012.

особено во областа на евроатлантските интеграции и пристапниот пат на Северна Македонија во ЕУ.[30] Договорот ги посочува меѓусебните транспортни врски и регионалната инфраструктура, правните и конзуларните области и туризмот како фокусни точки за развој на сеопфатните односи, но тој не нуди ниту акциски план ниту некакви индикатори за напредок што треба да се следат. Суштинскиот дел од документот повторува многу одредби содржани во Заедничката декларација од 1999 година, но содржи и неколку нови. Конкретно, Договорот ја вклучува посветеноста на Бугарија да споделува знаење и искуство за да му помогне на својот сосед на патот кон членство во ЕУ.

Во согласност со Договорот, беа формирани две заеднички комисии:

- Мешовита меѓувладина комисија која беше формирана на 10 јуни 2019 година во Софија и со која копретседаваат министрите за надворешни работи на двете земји. Таа треба да се состанува најмалку еднаш годишно за да се процени спроведувањето на Договорот.

- Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања која беше формирана на 2 јули 2018 година во Софија и има за цел да придонесе за објективно, научно толкување на историските настани, засновано на докази и на автентични историски извори.

По првично остварените пробиви, двете комисии набрзо се соочија со политички спротивставени ветришта и несогласувања, кои беа дополнително влошени со случувањето на глобалната пандемија со Ковид-19. Последиците од ова беа потврдени кога, на крајот на 2020 година, Бугарија повторно стави вето на почетокот на преговорите за пристапување на Северна Македонија во ЕУ.

## Секторски договори

Покрај двата договори за пријателство има и уште некои документи на секторско ниво кои овозможуваат прекугранична соработка и кои поттикнуваат интеракции на пониски административни нивоа (на пример, одбрана, туризам, енергетика, телекомуникации). Сепак, тие останаа во сенка на поширокитe политички несогласувања, намалувајќи ја инвестициската атрактивност и потенцијалот за економска соработка меѓу двете земји.

## Безбедносна соработка

Во 1999 година, двете министерства за одбрана го потпишаа првиот договор за логистичка поддршка на хуманитарните напори за Косово. Истата година двете земји дефинираа и протокол за соработка во воената медицина. Потоа, двете влади потпишаа Протокол за соработка во областа на воената обука во 2000-та година; и Договор за обезбедување муниција,

---

[30] Официјалните текстови на Договорот и неговиот превод на англиски можат да се најдат овде.

инженерски имот и резервни алатки и прибори во 2001 година. Националните полициски академии на двете земји склучија договор за соработка во 2007 година а во 2011 година двете земји постигнаа и договори за заеднички гранични патроли и внатрешна контрола.

Во 2007 година, бугарското Министерство за одбрана му го стави на располагање на својот колега од Северна Македонија инструментот BULCOD наменет за кодификација на сите логистички информациски системи кој е компатибилен со системот на НАТО. Најновиот договор за одбрана е од ноември 2017 година и содржи план за соработка меѓу двете министерства за одбрана за обука на возачи и механичари од Армијата на Северна Македонија, во Бугарија, за тенковите Т-71.

## Соработка овозможена од ЕУ

Во 2018 година, Бугарија го имаше првото ротирачко претседателство со ЕУ, и тоа за прв пат од нејзиното пристапување во 2007 година. Во текот на шесте месеци од **претседавањето со ЕУ, Бугарија стави приоритет на проширувањето на ЕУ со земјите од Западен Балкан**, при што беше домаќин на Самитот ЕУ-Западен Балкан во Софија на 17 Мај 2018. Во консултација со своите партнери од земјите од Западен Балкан и во присуство на релевантни регионални чинители, лидерите на ЕУ се согласија во врска со Декларацијата од Софија, која ја потврди недвосмислената поддршка на ЕУ за европската перспектива на Западен Балкан. ЕУ го повтори својот ангажман на сите нивоа со цел поддршка на политичката, економската и социјална трансформација на регионот, вклучително и преку зголемена помош заснована на конкретен напредок во областа на владеење на правото, како и во општествено-економските реформи, зајакнување на добрососедските односи, регионалната стабилност и меѓусебна соработка.

Во 2020 година, **Бугарија и Северна Македонија копретседаваа со Берлинскиот процес**.[31] Првото заедничко претседателство на годишниот Самит на овој процес беше позитивен сигнал, нагласувајќи дека двете земји можат да се обединат за да ја одржат европската перспектива на регионот високо на агендата на ЕУ. Иако поголемиот дел од претседателството беше одржано преку интернет поради пандемијата, тогашниот премиер на Северна Македонија Зоран Заев отпатува во Бугарија за да копретседава во живо на средба со неговиот бугарски колега Бојко Борисов. Како дел од Самитот во 2020 година, лидерите на шесте земји од Западен Балкан (ВБ6) (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија) усвоија Акциски план за заеднички регионален пазар 2021-2024 година.

---

[31] Воспоставен во 2014 година, Берлинскиот процес има за цел да ѝ помогне на Стратегијата за проширување на ЕУ преку ставање акцент на намалување на структурните разлики во земјите од Западен Балкан (и ЈИЕ) и преку промовирање на поврзаноста во сите нејзини аспекти (транспорт, економија, енергетика, дигитални и нови технологии, животна средина, соработка помеѓу луѓето, итн.).

По напорите на **француското претседателство со Советот на ЕУ во првата половина на 2022 година**, Бугарија го укина ветото и Северна Македонија официјално ги започна преговорите за пристап со ЕУ. Рамката што ја нуди француското претседателство за решавање на отворените прашања меѓу двете земји овозможува ослободување на позитивна моќ за промена на процесот на интеграција во ЕУ.

На 18 јануари 2022 година, тогашните нови премиери на Бугарија и Северна Македонија, Кирил Петков и Димитар Ковачевски, се согласија да ги зајакнат напорите за подобрување на билатералните односи. Од почетокот на 2022 година се интензивираше **секторскиот дијалог во областите економија, инфраструктура, енергетика, образование и култура**. На 17 јули 2022 година, министрите за надворешни работи на двете земји го потпишаа билатералниот протокол на членот 12 од Договорот за пријателство, кој е витален дел од преговарачката рамка на ЕУ. Меѓу другото, документот предвидува голем број мерки за подобрување на транспортот, енергетиката и поврзаноста на луѓето меѓу двете земји.

На крајот на 2022 година, и во екот на европската гасна и енергетска криза, властите на Бугарија и Северна Македонија разговараа за неколку заеднички иницијативи за зголемување на **енергетската безбедност** на двете земји. Во септември 2022 година, двајцата премиери ветија дека ќе ја продлабочат билатералната соработка во секторите **електрична енергија и транспорт на природен гас**. Бугарија е во ангажман со Европската комисија да изнајде начини да обезбеди дополнителни количини електрична енергија без да ги прекрши регулативите на ЕУ, што би обезбедило стабилно снабдување со енергија под оптимални услови за македонските домаќинства и бизниси.[32] Имплементацијата на патоказот за спојување на двата пазари на електрична енергија го чека воспоставувањето на пазар за ден однапред во Северна Македонија.[33]

На Северна Македонија ќе ѝ биде овозможен и пристап до бугарскиот капацитет за складирање гас Чирен. Скопје веќе го изрази својот интерес за учество во потенцијалното проширување на капацитетите на овој објект. На 20 октомври 2022 година, со поддршка од САД, бугарскиот оператор за гасна мрежа Булгартрансгаз и Државната компанија за пренос на гас на Република Северна Македонија, ГА-МА, започнаа договорни дискусии за **изградба на интерконектор за гас** помеѓу две земји во Ќустендил-Жидилово. Ова ќе ѝ овозможи на Северна Македонија да добива гас од Азербејџан и од други извори преку интерконекторот меѓу Бугарија и Грција (IGB), кој официјално беше пуштен во употреба на 1 октомври 2022 година.

---

32 Бугарија може да извезува околу 200 мегават часови (MWh) електрична енергија дневно (приближно 10% од снабдувањето со електрична енергија во соседните земји) во Северна Македонија до крајот на март 2023 година. Сепак, Северна Македонија побара да купува електрична енергија по цени кои се под оние кои преовладуваат на пазарот. Според релевантните регулативи на ЕУ, бугарските власти треба претходно да ги расчистат таквите услови со Европската комисија за да избегнат прекршување на правилата. Бугарија во моментов ги истражува можностите со Комисијата на ЕУ за надоместување на цената преку фондовите на ЕУ.

33 European Commission, *North Macedonia Report 2022*, SWD(2022)337, Brussels, 12.10.2022, p. 93

**Рамка 1. Бугарски развојни проекти во Северна Македонија**

Северна Македонија е најголемиот корисник на бугарската официјална развојна помош (ОДА) со вкупно речиси 332 илјади евра распределени во 2021 година. Некои од корисниците беа образовни програми за непривилегирани деца од регионите на Битола, Прилеп и Крушево, развој на вештини за невработени лица за време на кризата со Ковид-19, набавка на опрема за потребите на Државната болница во Скопје, обука за психолози во училиштата, итн. Бугарската ОДА се води од приоритетите поставени во Националната програма за развој Бугарија 2030 и Политиката за развојна соработка на ЕУ.

**Извор:** Министерство за надворешни работи на Република Бугарија.

**Слика 5. Долгиот и кривулест пат на Северна Македонија кон започнувањето на преговорите за пристапување во ЕУ**




**Извор:** Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

# ЕКОНОМСКИ УЧИНОК И КОНКУРЕНТНОСТ

**Еекономскиот раст** во двете земји **се забрза** во периодот 2015-2019 година. Сепак, конвергенцијата кон просечните приходи во ЕУ и понатаму останува далечна перспектива. Оттука, двете земји треба да останат силно фокусирани на привлекување дополнителни инвестиции на конструктивен капитал во наредните години. По длабокото намалување на економскиот обем во 2020 година кое изнесуваше околу 6% во Северна Македонија и 4,4% во Бугарија, растот повторно се врати во 2021 година и изнесуваше 4% т.е. 4,4%. Прогнозите за раст за 2022 година за Северна Македонија и Бугарија се намалени по избувнувањето на војната во Украина, но тие и понатаму остануваат позитивни. Изгледите за 2023 година се многу неизвесни и можни се дополнителни надолни ревидирања доколку дојде до ескалација на воениот конфликт.

**Приходот по глава на жител** во двете земји останува еднаков на, или помал од, половина од просекот на ЕУ.[34] И покрај неодамнешниот напредок во намалувањето на сиромаштијата, нееднаквоста во приходите е проблем што ги измачува двете земји. Иако во Северна Македонија, Gini коефициентот[35] опадна за една четвртина (на 33), земјата сè уште е помалку еднаква од другите аспирантки кои се слични на неа. Со Gini коефициент од 40,3, Бугарија има најнееднаква распределба на приходите од сите земји-членки на ЕУ. Доколку не биде решен на мудар начин, сегашниот инфлаторен притисок најверојатно ќе доведе до поголеми јазови кај приходите. **Нееднаквоста има штетно влијание на долгорочниот економски раст и на привлечноста на земјата за конструктивен капитал** со тоа што го намалува приходот по глава на жител, го штетно влијае врз здравството, образованието и развојот на вештини, ја намалува социјалната мобилност и ги поттикнува домаќинствата од средната класа да имаат долгови што не можат да ги враќаат.[36] Освен тоа, диспаритетот на приходите се основа за насилен криминал и криминал поврзан со имоти[37]. Зајакнувањето на конвергенцијата на приходите ќе бара спроведување на амбициозни реформи.

Севкупно земено, во текот на изминатава деценија, **инвестициите** имаат многу поголем удел во економскиот раст во Северна Македонија, отколку во Бугарија. Ова доведе до големо и континуирано намалување на невработеноста и до брз раст на платите. Во случајот со Бугарија, растот на платите е поттикнат од недостатокот на квалификуван персонал би-

---

[34] Во 2021 година, Бугарија беше на 45% под просекот на ЕУ, а потоа следат земјите кандидатки Црна Гора, Србија и Северна Македонија.

[35] Gini коефициентот го мери степенот до кој распределбата на доходот (меѓу поединците или домаќинствата во една економија) отстапува од совршено еднаквата распределба. Gini индексот 0 значи совршена еднаквост, додека индексот 100 подразбира совршена нееднаквост.

[36] Утврдено е дека влијанието на нееднаквоста на приходите врз економскиот развој е позитивно за вредностите на нето вредноста на Gini коефициент кој е помал од 27. За жал, во двете земји коефициентот се наоѓа овој праг. Негативниот ефект дополнително се засилува како што земјите стануваат понееднакви.

[37] Metz, N., and Burdina, M., "How neighborhood inequality leads to higher crime rates", *USAPP*, July 8, 2016.

дејќи невработеноста остана на нивото околу нејзината природна стапка. Сивата економија во двете земји е повисока отколку кај земјите од ЕУ кои се слични на нив, но е многу поизразена во Северна Македонија. Така, двете земји би имале корист од меѓусебни инвестиции работејќи на преквалификација и регулирање на непријавеното вработување.

**Слика 6. Клучни индикатори за економскиот учинок**




**Извор:** Евростат, База на податоци за светски економски изгледи, и МАКСтат.

Иако Бугарија и Северна Македонија имаат релативно добро економски резултати, особено во првата деценија од овој век, и двете земји се соочуваат со слични, **сериозни и долгорочни ограничувања на конкурентноста**. Во просек, Бугарија е само малку подобро од Северна Македонија во повеќето фактори, со исклучок на растот на населението и нееднаквоста. Кредитниот рејтинг на двете земји останува низок за да се поттикнат големите приватни инвестициски текови. Патеките на економска слобода се слични во споредба со земјите од Централна Европа. Поконкретно, долгорочните показатели на економскиот потенцијал, како што се човечкиот развој и учинокот на студентите се ниски за земјите со средно-високо ниво на приходи.

**Слика 7. Избор од рангирања во однос на долгорочната конкурентност**







[1] Програмата за меѓународно оценување на учениците (ПИСА) е меѓународна студија на ОЕЦД која се спроведува во 78 држави и го зема предвид успехот на учениците на возраст од 15 години по математика, наука и читање.




**Извор:** Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

# ИНВЕСТИЦИСКА КЛИМА ЗА КОНСТРУКТИВЕН КАПИТАЛ

Учинокот кој во минатото го имаа Бугарија и Северна Македонија во трговијата, инвестициите и туризмот обезбедува добри можности за зајакнување на приливот на конструктивен капитал во регионот. Двете земји беа предводници кога станува збор за најниски рамни режими на даноци во светски рамки и создадоа голем број на инвестициски стимулации низ годините во обидот да привлечат капитал во своите економии. Сепак, двете земји не успеаја да станат инвестициски двигатели на нивоа кои се споредливи со земјите од Централна Европа. Недостатокот на стратешка визија, лошиот административен капацитет и значителните ризици од корупција и заробување на државата направија инвеститорите на конструктивен капитал да покажат внимателна воздржаност.

## Трговија

Бугарија има **висок степен на трговска отвореност со либерален трговски режим**, а трговијата има голема улога во растот на БДП. Во текот на изминативе две децении, бугарската економија, особено нејзиниот производствен сектор, се **интегрираше во глобалните синџири на вредности преку економско преструктуирање и со пристапувањето во ЕУ**.[38] Бугарија има договор за слободна трговија со Северна Македонија од 1999 година.

**Диверзификацијата на извозот меѓу партнерите е мала**, при што првите пет партнери на Бугарија имаат удел од 44,7% во 2019 година, наспроти уделот од 49,1% во 2000-та година. Бугарија се **подобри во диверзификацијата на производите по пристапувањето во ЕУ**, но заостанува зад земји како што се Романија, Унгарија и Словачка. Главниот извоз опфаќа производи за широка потрошувачка (36,3%), машини и електронска опрема (19,0%) и метали (14,4%). Земјата одржува откриена компаративна предност (RCA) кај зеленчукот (2,71), текстилот и облеката (2,38) и металите (2,35).

Слично на Бугарија, и **Северна Македонија е мошне зависна од трговијата кога станува збор за економскиот раст**. Усогласувањето на законодавството и политиката на Северна Македонија со правото на ЕУ резултираше со либерализација на трговијата и пазарот. Во 2001 година, Северна Македонија склучи Договор за стабилизација и асоцијација (SAA) и Привремен трговски договор со ЕУ, со што се овозможи итен бесцарински пристап за македонските стоки на европските пазари, вклучително и Бугарија, и со кој се предвидуваше намалување на царинските стапки за стоките кои од ЕУ доаѓаат во Северна Македонија. Договорот за стабилизација и асоцијација доведе до успешна економска интеграција: уделот кој го има ЕУ во македонскиот извоз се зголеми на 77,3% во 2021

---

[38] OECD, *OECD Economic Surveys: Bulgaria 2021: Economic Assessment*, Paris: OECD Publishing, 2021.

година; додека уделот на ЕУ во увозот беше релативно низок и изнесуваше 46,2% во 2021 година.[39]

**Главниот извоз на Северна Македонија се промени** поради интеграцијата во европските синџири на вредност: преминување од текстил и сродни производи кон машини и електронска опрема (27,6%) и хемикалии (23,2) %. Ако споредиме со светот, Северна Македонија има RCA за хемикалии (2,45) и за текстил и облека (2,36). Ова покажува сличности со бугарскиот RCA, што би било можност за понатамошно продлабочување на специјализацијата и за заедничко напредување нагоре во синџирите на вредност преку заеднички или взаемни инвестиции.

Бугарија и Северна Македонија потпишаа договор за слободна трговија во 1999 година.[40] Во моментов, слободната трговија меѓу двете земји е регулирана со Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Северна Македонија и ЕУ. Билатералната трговска размена изнесуваше приближно 738 милиони евра (841,6 милиони американски долари) во 2020 година и 750 милиони евра во 2021 година. **Трговската размена** меѓу двете земји се очекува за првпат да **надмине 1 милијарда евра** во 2022 година.[41] Во изминативе девет години, Бугарија остана да биде **втора по големина извозна дестинација за Северна Македонија**.

**Бугарскиот извоз во Северна Македонија** достигна вкупно 411 милиони евра во 2021 година, што е највисоко ниво во изминативе десет години. Најприсутни производи се оние наменети за широка потрошувачка (41,0%), полуготовите производи (37,7%) и горивата (24,6%). Најголемата компаративна предност на Бугарија е во горивата. Македонскиот извоз во Бугарија во 2021 година беше во вкупен износ од 335 милиони евра, што е исто така на највисоко ниво во изминатава деценија. Северна Македонија одржува значителна компаративна предност кај минералите (9,64) и суровините (3,12), и овие две се најизвезувани производи во 2019 година, со 46,8% т.е. 59,5%. Северна Македонија е рангирана на 22-то место меѓу бугарските увозни партнери (со учество од 0,97%), додека Бугарија е осми најголем увозен партнер за Северна Македонија (3,84%). Двете бројки укажуваат на тоа дека постои значителен простор за **проширување на трговските односи**. Се чини дека Северна Македонија сепак е подобро интегрирана во синџирите на вредности кои потекнуваат од поранешна Југославија отколку со оние кои потекнуваат од нејзините ЕУ соседи.

---

[39] Mojsovska, S., "North Macedonia: Politics versus Policy of EU Integration", – In: *Comparative Southeast European Studies*, vol. 69, no. 4, 2021, pp. 561-574.

[40] The World Bank, Agreement Free Trade Between Bulgaria and the Former Yugoslav Republic of Macedonia, The Global Preferential Trade Agreements (GPTAD) database, February 21, 1999.

[41] На крајот на октомври 2022 година, премиерите на двете земји ја започнаа изградбата на дел од железничкиот Коридор VIII во Северна Македонија. Тие истакнаа дека очекуваат трговската размена да надмине 1 милијарда евра оваа година.

**Слика 8. Дестинации со најголем извоз**




**Извор:** База на податоци за меѓународна трговија, Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

**Слика 9. Најмногу извезувани производи**

**ПРОИЗВОДИ КОИ НАЈМНОГУ СЕ ИЗВЕЗУВААТ ОД БУГАРИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2020 г**




**ПРОИЗВОДИ КОИ НАЈМНОГУ СЕ ИЗВЕЗУВААТ ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО БУГАРИЈА, 2020 г**




**Извор:** База на податоци за меѓународна трговија, Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

## Инвестиции и дознаки

Постои **позитивна врска помеѓу конструктивниот капитал поврзан со приливот на странски инвестиции и економскиот развој**. Покрај директната корист од вбризгување на нов капитал во економијата, странските директни инвестиции се исто така извор на технологија и знаење кои ја подобруваат конкурентноста на компаниите кои се приматели на овие инвестиции и ја подобруваат нивната интеграција во глобалните синџири на вредности. Во тој процес, странските директни инвестиции помагаат во развојот на корпоративниот сектор, вклучувајќи ги тука и правното и регулаторно опкружување, и на тој начин се создаваат услови за поддршка на конструктивниот капитал. Поради тоа, политиките кои се насочени кон привлекување на странските директни инвестиции се од клучно значење за двете економии.

**Бугарија одржува државни стимулации за нови инвестиции како и ниски и рамни даноци на доход и на добивка**.[42] За странските инвестиции не е потребен скрининг од државата и не постојат општи ограничувања за странска сопственост на локални фирми, со исклучоци кои се специфични за секторите (на пример во банкарските и осигурителни услуги). Законодавството за контрола на спојувања на правни субјекти во голема мера е во согласност со правото на ЕУ и се применува и на странски и на домашни спојувања. Агенцијата Инвест Бугарија (ИБА)[43] (државна агенција за промоција на инвестиции, која обезбедува информации, помош и стимулации за потенцијалните инвеститори) е задолжена за спроведувањето на Законот за промовирање на инвестиции (изменет во 2018 година), кој им овозможува на инвеститорите да ги потврдат своите инвестиции и да имаат корист од низа стимулативни мерки. **Стимулативните мерки** ги поттикнуваат инвестициите во производството, високата технологија, услугите, образованието и развојот на човечки ресурси, вклучително и обезбедување помош на инвеститорите во стекнувањето сопственост врз општинско или државно земјиште без тендер, обезбедување јавно финансирање за основната инфраструктура и за обука на нов кадар, како и покривање на делот за социјално осигурување на исплатите кои ги прави работодавачот. За јавно-приватно партнерство се нудат даночни олеснувања и брзи административни процедури. Приоритетните инвеститори можат да уживаат бенефити како што се стапки кои се под пазарните кога станува збор за купување целосно или ограничени сопственички права од централните или локалните власти, грантови за истражување и развој (R&D) и едукативни проекти, итн. За инвестициски проекти кои се износи поголеми од 2,5 милиони евра овозможено е двегодишно ослободување од данок на додадена вредност (ДДВ) на увезена опрема, доколку проектот ќе се реализира во рок од две години и ќе отвори најмалку 20 нови работни места. Производните проекти кои се спроведуваат во области со висока стапка на невработеност (која е повисока од 25% од националниот просек) а кои генерираат најмалку десет

---

[42] Targov, T., and Peycheva, T., "The Foreign Investment Regulation Review: Bulgaria", – In: *The Law Review*, October 21, 2021.

[43] ИБА функционира како едношалтерски систем за странски инвеститори и ги потврдува предложените инвестиции за нивна подобност за административни услуги.

работни места, од кои најмалку половина се во приватниот сектор, исто така може да се квалификуваат за даночно ослободување.

**Учеството на сите инвестиции (бруто формирање на фиксен капитал) во БДП на Бугарија и Северна Македонија се намали** во текот на изминативе десет години. Инвестициите во Бугарија во просек изнесуваа нешто помалку од 10 милијарди евра годишно, додека во Северна Македонија тие беа нешто над 2 милијарди евра. Така што, во економиите на двете земји заеднички беше инвестирано значително помалку отколку, на пример, само во Словачка.

Годишниот **прилив на странски директни инвестиции** го **достигна врвот во Бугарија** во 2007 година, откако земјата пристапи во ЕУ и изнесуваа 10,15 милијарди евра (13,88 милијарди американски долари).[44] Сепак, инвестициите **значително се намалија** на 2,37 милијарди евра (2,7 милијарди американски долари) во 2020 година. Во првиот квартал од 2022 година, најголемите странски директни инвестиции во Бугарија потекнуваа од Холандија, Белгија и Австрија; најголеми одливи, пак, имало кон Луксембург и Германија. Во периодот 2014-2019 година имаше континуирани или нови странски инвестиции кои беа најмногу насочени кон секторите **информатичка технологија и информатички услуги**, потоа производство на компјутерска и комуникациска опрема, машини и опрема за општи и специјални намени како и возила. За период од пет години, десетте сектори со највисоки нивоа на странски директни инвестиции немаа речиси никакви поместувања (освен информатичките технологии и услуги, кои се искачија за десет места на 11-то место во 2019 година). Забележителен тип на странски директни инвестиции се **стартап претпријатијата и претпријатијата од странство**. Во 2019 година, дури 17% од новорегистрираните сопственици на нови компании во Бугарија биле странци.[45] Не постои државна агенција за промоција на инвестициите во странство а нема ниту ограничувања за локалните бизниси да можат да инвестираат во странство.

СДИ се клучни за економскиот раст во Северна Македонија, која има повеќе приватизирано државни средства во споредба со другите земји во регионот и има развиено практики за привлекување странски директни инвестиции. Како резултат на тоа**, Северна Македонија е меѓу прворангираните земји во Европа во однос на работни места отворени благодарение на странски директни инвестиции по глава на жител**. Како и Бугарија, цената на работната сила е ниска, иако има недостаток на квалификувана работна сила, а тука е и рамниот данок од 10%. Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот (Инвестирај во Северна Македонија) е главниот орган на државата кој е задолжен за олеснување на странските инвестиции. Директно соработува и се ангажира со потенцијалните странски инвеститори, им нуди насоки за регистрирање бизнис, спроведува истражување за потенцијални дејности и сектори во кои би се инвестирало и објавува извештаи за домашниот пазар. Инвестирај во Северна Македонија спроведува **скрининг и темелна**

[44] The World Bank, Foreign direct investment, net inflows (BoP, current US$) – Bulgaria.

[45] Georgieva, T., and Yalamov, T., *Innovation.bg 2021: Building Innovation Recovery and Resilience in Bulgaria*, Sofia: Applied Research and Communications Fund, 2021.

**проверка на странските директни инвестиции** по потреба, користејќи нестандардна постапка која не се спроведува јавно. Сите стимулациски мерки за бизнисите кои работат во земјата се стандардизирани и се достапни за домашните и странските инвеститори. Сепак, владата може да им и посебно прилагодени стимулативни пакети на компании кај вредност поголема од 936 милиони евра (1 милијарда американски долари) или ако инвестицијата е од стратешко значење.

Северна Македонија направи напори да ја **усогласи својата правна рамка со ЕУ** и е високо рангирана меѓу земјите од Западен Балкан од аспект на економските критериуми за членство во ЕУ. Европската Унија оценува дека Северна Македонија има добро ниво на подготвеност за „постоење на функционална пазарна економија" и како умерено подготвена во својот „капацитет да се справи со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на ЕУ".[46] **Приливот на странски директни инвестиции во Северна Македонија, исто така, достигна врв во 2007 година со 501 милион евра** (733 милиони американски долари) а тие повторно кулминираа на 549 милиони евра (648 милиони американски долари) во 2018 година, но потоа драстично се намалија како резултат на пандемијата со Ковид-19, на 6,75 милиони евра (7,7 милиони американски долари) во 2020 година. Главни земји кои инвестираат во Северна Македонија се Велика Британија и Австрија, а потоа следат Грција, Холандија и Словенија. И покрај тоа што владата не ги ограничува домашните инвеститори да инвестираат во странство, таа не ги поттикнува ниту нуди некакви стимулации за тоа.

Инвестициското опкружување меѓу Бугарија и Северна Македонија се заснова на билатерален договор за инвестиции (1999) и на дополнителен протокол кон Договорот (2007) со кој се регулира меѓусебната заштита, промоција и поттикнување на инвестициите.[47] Дополнително, постои важечки договор за избегнување на двојното оданочување во однос на даноците на доход и добивка (1999 година). Во 2017 година, националните агенции за промоција на инвестиции, Инвестирај во Северна Македонија и Агенцијата Инвест Бугарија, потпишаа Меморандум за соработка, со кој ја потврдија **билатералната заложба за поттикнување на трговијата и инвестициите**.

Постои значителен простор за **продлабочување на инвестициите** меѓу двете земји, кои се меѓу главните дестинации за меѓусебната инвестициска активност. **Бугарските странски директни инвестиции во Северна Македонија беа на деветтото место со 158 милиони евра**[48] на крајот на 2021 година. **Бугарија е шестата најголема дестинација за македонските инвестиции**, кои изнесуваа близу 9 милиони евра[49] во 2021 година. Заклучно со 2021 година, македонските финансиски средства и обврски во Бугарија изнесуваат вкупно 94 милиони евра. Релативно добра активност на македонските инвеститори во Бугарија е забележана во

---

46 European Commission, *North Macedonia Report 2022*, SWD (2022)337, Brussels, 12.10.2022.

47 Ministry of Finance of the Republic of North Macedonia, Agreement Between the Government of the Republic of Macedonia and the Government of the Republic of Bulgaria on the Reciprocal Protection and Promotion of Investments, April 22, 1999.

48 Податоци од Бугарската народна банка.

49 Податоци од Народната банка на Република Северна Македонија.

секторите земјоделство, лов и шумарство (со учество од 2,1% од вкупните инвестиции во овие сектори, што е второ место веднаш по Австрија, 4%). Некои од **позначајните македонски инвестиции** во Бугарија се купувањето на 96% на рафинеријата „Ѕвезда Оил“ во 2010 година од страна на компанијата „Брилијант Оил“, инвестицијата на компанијата „Адинг“ во Индустриската зона Перник во 2010 година; и инвестицијата на болницата „Аџибадем Систина“ во 2016 година во „Аџибадем Сити Клиник Б.В. Амстердам“, која ги купи најголемите здравствени оператори во Бугарија, „Сити оф Клиник“ и Групацијата „Токуда“.

Во последниве години, бугарските компании најмногу инвестираа во Северна Македонија во секторите банкарство и осигурување, металургија, технологија и комуникации и во прехранбената и угостителската дејност. Некои од поголемите **бугарски инвестиции преку границата** се: купувањето на „Статер банка“ од страна на „Централна кооперативна банка“ АД и нејзино спојување со „ЦЦБ-Скопје“; „СОТ 161“ го купи НИКОБ, најголемата агенција за обезбедување во Северна Македонија; влезот на Групацијата „Софика“ на македонскиот пазар; „Свепол“ АД стана главен акционер во фабриката за производство на предиво „Тетекс Тарн“ ДОО Тетово; „Литекс“ Бугарија се стекна со мнозински удел во фабриката за шеќер во Битола; Групацијата „Велдер“ инвестираше во црна металургија; „Мега Ел“ ЕООД од Софија купи 69% од акциите на Фабриката за кабли во Неготино; „Алфа Фајнанс Холдинг“ купи контролен удел во локалната „Прва приватна банка“ (2007); „Евроинс“ се стекна со мнозински удел во осигурителната компанија „Макошпед“ (2008). Најголемата бугарска инвестиција во Северна Македонија беше во банкарскиот сектор – Првата инвестициска банка-Софија го откупи уделот на „МГ Корпорација“ во Балканска банка. Во 2015 година, бугарската финансиска компанија „EasyCredit“ ја отвори „ЕМ Кеш“, прва компанија во Северна Македонија која работи во областа на брзо кредитирање. Истата година бугарската софтверска компанија „Мусала Софт“ ја отвори својата прва канцеларија во Скопје и започна инвестициски проект вреден 20 милиони евра. Во 2019 година, најголемата бугарска софтверска компанија „Scale Focus“ влезе на македонскиот пазар со инвестиција од 45 милиони евра која се очекува да отвори околу 300 работни места.

Во февруари 2022 година, бугарскиот министер за иновации и раст Даниел Лорер и министерот за финансии на Северна Македонија Фатмир Бесими објавија **механизам за инвестициска транспарентност** меѓу двете земји, според кој инвеститорите од двете земји можат да ги предупредат властите за проблеми поврзани со дискриминација.[50] Механизмот предвидува и зголемени инвестиции во руралните средини.

Бугарија и Северна Македонија се значително зависни од **дознаки**, иако оваа зависност е во опаѓање кога станува збор за Софија. Кога се регулирани правилно, дознаките можат да ги изедначат постоечките разлики во нивоата на трошење и потрошувачка, подобрувајќи го севкупниот квалитет на живот за корисниците и за нивните семејства и поттикнувајќи го економското учество, инвестициите на домаќинствата и прет-

---

50 BNR, "Investment transparency mechanism to link Bulgaria and North Macedonia", January 2, 2022.

приемништвото што, инаку, не би било возможно. Сепак, прекумерната зависност од дознаките може брзо да стане и обврска со која ослабената национална економија е зависна од странски извори на приход, дестимулирајќи го на тој начин учеството на пазарот на работна сила и намалувајќи ја вкупната понуда на работна сила. Нема индикации дека дознаките во двете земји придонеле за поголеми инвестиции.

Дознаките во Бугарија сочинуваа 3,4% од БДП во 2019 година, но се намалија на 1,4% во 2020 година по пандемијата со Ковид-19.[51] Податоците од Бугарската народна банка покажуваат дека дознаките се намалени за осум пати во првиот квартал од 2022 година, во споредба со истиот период во 2019 година. Во Северна Македонија, пак, дознаките официјално придонесоа со 3,4% во БДП во 2020 година, при што приватните трансфери секоја година учествуваат со до 16% во БДП[52] или со над 1 милијарда евра; најмалку половина од овие трансфери се проценува дека се лични дознаки до македонските домаќинства. Приватните трансфери играат особено важна улога во платниот биланс во Северна Македонија, бидејќи речиси целосно го покриваат трговскиот дефицит.[53]

**Рамка 2. Изградба на автопат за проток на капитал меѓу Скопје и Франкфурт преку Софија**

Проектите од приватниот сектор меѓу Бугарија и Северна Македонија кои се од стратешко значење се ретки, а владите во Софија и Скопје бавно ги поттикнуваат или олеснуваат таквите иницијативи.

Конкретен пример за **проект од приватниот сектор** кој има потенцијал да ја промени состојбата на македонскиот пазар е создавањето, од страна на бугарскиот субјект за менаџерирање со средства „Expat Capital", на пасивен индексен фонд со кој се тргува преку берза и кој го следи главниот капитален индекс на Македонската берза (МБИ10). „Expat Capital" (Expat) е единствениот давател на берзански фонд (ETF) во Централна и Источна Европа и управува со семејство на пасивни ETF фондови следејќи ги притоа главните локални индекси на капитал од 11 земји во регионот: Грција, Бугарија, Северна Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Романија, Унгарија, Чешка, Словачка и Полска. Сите ETF фондови се наведени за тргување во Франкфурт и Софија; пет ЕТФ фондови (оние што ги следат индексите во Бугарија, Северна Македонија, Србија, Хрватска и Словенија) котираат на берзата во Љубљана; и фондот кој го следи бугарскиот индекс исто така котира на лондонската берза.

ETF на македонскиот индекс (Expat Macedonia MBI10 UCITS ETF) е инвестициско возило кое е лиценцирано од ЕУ што им овозможува на меѓународните малопродажни и институционални инвеститори диверзифицирана изложеност на капитал која е специфична за македонскиот пазар на капитал. Котирањето на фондот на берзата во Франкфурт им олеснува на инвеститорите да купуваат и продаваат акции (постои постојана ликвидност во милиони евра кои се обезбедени од назначени маркет мејкери), со што им овозможува на институциите да го задржат (hold) македонскиот ризик во своите глобални портфолија. Проектот ги решава тешките проблеми за пристап до пазарот, конверзијата на локалната валута и ликвидноста за меѓународните инвеститори – тие се **суштински важни пречки за многу странски пазари**, како што е Северна Македонија. ETF индексот му овозможува на секој

---

[51] The World Bank, Personal remittances, received(% of GDP) – Bulgaria.

[52] Jovanovski, K., and Jusufi, L., "International Remittances: A Source of Development Finance – Evidence from North Macedonia", Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, 5338th EBES Conference Proceedings – Volume I, January 12-14, 2022.

[53] Ademi, R., Beqiri Luma, Z., and Bela, B., "The Impact of Remittances on the Trade Balance: Empirical Evidence from North Macedonia", – In: *Theoretical Economics Letters* 12(3):694-711, June 2022.

инвеститор да го задржи македонскиот капитален ризик на диверзифицирана основа. Фондот е формиран пред 4 години. Има пристоен поврат по пристапувањето на Северна Македонија во НАТО. Сепак, неговата големина остана мала (помалку од 1 милион евра) поради недостаток на публицитет. Исто така отсуствуваше и поддршката на инвеститорите од страна на суверени или полу-суверени институции, како што се субјекти контролирани од ЕУ/ММФ/Светска банка, што е критично важна точка во започнувањето и развојот на ваков тип на проект. Во секој случај, меѓународно котираниот и отворен Expat Macedonia MBI10 UCITS ETF стана **дел од пазарната инфраструктура за Северна Македонија**, поврзувајќи ја берзата во Скопје со светските финансиски пазари и има потенцијал да обезбеди практично неограничени количини на капитал за локални компании со кои јавно се тргува.

Меѓутоа, ако сакаме ова да се случи порано отколку подоцна, државите треба да ги констатираат и да ги поддржат таквите иницијативи преку нивно соодветно обзнанување и обезбедување дополнителен капитал за зголемување на нивната големина на значајни нивоа (на пр. 30-50 милиони евра). **Зајакнувањето на македонскиот пазар на капитал** ќе ја зајакне локалната конкурентност (лесниот пристап до капитал е главен фактор), ќе го подобри корпоративното управување (зголемување на транспарентноста и отчетноста) и ќе го пренесе знаењето за владеење од странство. Тоа, исто така, ќе помогне Северна Македонија да се подготви за интеграција во унијата на европски пазари на капитал. Фактот што една бугарска инвестициска фирма изгради **автопат за проток на капитал меѓу Скопје и Франкфурт (преку Софија)** е очигледен знак дека соработката во приватниот сектор меѓу двете земји е можна и истата треба силно да се охрабрува.

**Извор:** Expat Capital.

## Слободни економски зони

Слободните економски зони (ТИРЗ) се одредени подрачја во државата каде што компаниите уживаат повластени услови (на пример, фискални и регулаторни ослободувања) во рамките на националните и правилата за државна помош на ЕУ. Овие зони имаат за цел да привлечат странски директни инвестиции кои се извозно ориентирани, да отворат работни места и да воспостават посилни врски со глобалните синџири на вредност. Европската Унија ги регулира стимулативните мерки што земјите-членки им ги нудат на компаниите според правилата за конкурентност и државна помош содржани во Договорот за функционирање на ЕУ. Посебните подрачја во економиите на земјите од Западен Балкан спаѓаат во категоријата регионална помош и подлежат на квантитативни ограничувања кои се слични на оние во ЕУ. Во претпристапната фаза, земјите од Западен Балкан се ограничени на висината на државна помош што можат да ја понудат, но не и на нејзиниот тип, така што тие можат да им обезбедат на инвеститорите поширок опсег на даночни и неданочни стимулации во споредба со другите земји од ЕУ.

Доказите упатуваат на тоа дека зоните придонеле за оправување на странските директни инвестиции наменети за производство во регионот и тие би можеле да имаат повеќекратни позитивни дополнителни ефекти во образованието, обуката и инфраструктурата. Меѓутоа, тие исто така би можеле да имаат и негативно влијание доколку доведат до неповолни загуби т.е. привлекување на инвеститорите кои ионака би инвестирале; или политики со кои земјите конкурентни се обидуваат да бидат подобра една од друга во смисла на давање стимулативни мерки; и негативни надворешни фактори, како што е загадувањето. Остануваат отворени клучните прашања за тоа колку се одржливи инвестициите во

слободните економски зони откако ќе завршат стимулативните мерки. Сепак, **зоните може да бидат и фактор кој носи конструктивен капитал во регионот, барем на среден рок**. Бугарија и Северна Македонија треба да го искористат фактот дека и двете имаат конкурентни предности, како што се ниската цена на работната сила, фактот дека Бугарија е во ЕУ а Северна Македонија дека има релативно помалку ограничени слободни зони.

По пристапувањето на **Бугарија** во ЕУ во 2007 година, улогата на нејзините слободни економски зони значително се намали. Локалните власти во Бугарија бараа алтернативи, како што се партнерства со приватниот сектор со цел да се обезбедат ресурси за развој на **индустриски и технолошки паркови**. Доколку се опремени со потребната техничка инфраструктура за привлекување нови инвестиции, таквите паркови може да бидат определени како проекти со национално значење. Советот на министри, министерот за економија и други владини претставници ги надгледуваат политиките за индустриски паркови. Една од најголемите индустриски области во Југоисточна Европа е економската зона Тракија (во централно-јужниот дел на Бугарија), која привлече инвестиции од над 2 милијарди евра и обезбедува повеќе од 30.000 работни места. Дополнително, постојат и целосно функционални индустриски зони, управувани од државната компанија за национални индустриски зони (НИЗЦ) во Софија, Бургас, Видин, Русе, Свиленград, Стара Загора и Варна. Во изградба се и идните индустриски зони во Суворово (Варна), Телиш (Плевен), К'рџали и Карлово. Ниту една од зоните не се наоѓа во регионите кои се директно во непосредна близина на Северна Македонија, што би било можност да се искористат слободните економски зони и преку границата.

Првиот научно-технолошки парк во Бугарија (Технолошкиот парк во Софија) ги отвори вратите во 2015 година со цел да го поттикне развојот на истражувањето, иновациите и технолошкиот капацитет на приватниот сектор и на академската заедница во земјата.[54] Паркот се состои од неколку меѓусебно поврзани единици (како што се инкубатор, лабораториски комплекс, експериментална зграда, музеј итн.), кои обезбедуваат образовни програми, поддршка за стартапи и услуги за комерцијализација на нови технологии. Овој технолошки парк ги здружи силите со Бугарската академија на науките и со уште неколку локални универзитети во она што се очекува да стане најголемиот центар за истражување и развој и инкубатор за високи технологии во земјата.

**Северна Македонија** во моментов има 15 економски и индустриски зони кои се во различни фази на развој. Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони (ТИРЗ) е одговорна за основање, проширување и надзор на 14 од нив, вклучувајќи седум ТИРЗ кои се целосно во функција: Скопје 1 и 2, Прилеп, Штип, Кичево, Струга и Струмица (блиску до бугарскиот граница). Законот за технолошко-индустриски развојни зони и Законот за финансиска поддршка на инвестициите обезбедуваат

---

[54] Научно-технолошкиот парк е изграден со средства од Оперативната програма „Развој на конкурентноста на бугарската економија" 2007-2013 и „Иновации и конкурентност" 2014-2020 година.

дарежливи стимулации за потенцијалните инвеститори. Анализата на десетгодишното работење на компаниите во ТИРЗ (2010-2020) укажува на 16% просечен принос на капиталот и просечен годишен раст на приходите, потоа 32% просечен годишен раст на нето приходите и на 55% просечен годишен раст на продуктивноста[55]. Во 2021 година компаниите кои работат во зоните оствarija рекордно високи нивоа на извоз во износ од приближно 3 милијарди евра, што претставува 48% од вкупниот извоз на земјата. Новите инвестиции во ТИРЗ во истата година (потпишани договори или договори кои се во фаза на формално одобрување од владата) беа во износ од вкупно 188 милиони евра, а отворени се над 2.700 нови работни места. Целта зацртана за периодот 2021-2024 предвидува обемот на инвестиции да биде 1 милијарда евра и да бидат отворени 14.000 нови работни места 000.

Најголемата индустриска зона во Македонија е ТИРЗ Скопје 1 во која има повеќе меѓународни компании (на пр. американскиот производител на автомобилска опрема „Џонсон Контролс", британскиот производител на хемикалии „Џонсон Мети", белгискиот производител на автобуси „Ван Хол", италијанскиот производител на делови за автомобили „Текнохосе" итн.). Некои од овие компании имаат канцеларии и во Бугарија. Развојот на новата ТИРЗ Скопје 3, која е предвидено да биде првата **високотехнолошка зона** во земјата, треба да започне во 2023 година. Се наоѓа на раскрсницата на Коридорот VIII и Коридорот X. ТИРЗ зоната Скопје 3 се очекува да генерира инвестиции од над 860 милиони евра во следните десет години. Таа ќе функционира како јавно-приватно партнерство (ЈПП) и ќе се стави акцент исклучиво на високи технологии и ќе вработи околу 4.500-5.500 млади професионални лица. ТИРЗ Гевгелија со површина од 500.000 квадратни метри (се наоѓа блиску до грчката и до бугарската граница) има за цел да биде првата **зелена зона** на Балканот. Во 2015 година бугарската компанија „FilCab" преку својата подружница „McCab" пушти во употреба фабрика за производство на електрични трансформатори во индустриската зона Визбегово во Скопје.

## Туризам

Туризмот е **растечки сектор во Бугарија**. Земјата е рангирана на 41 место од 117 земји на Индексот за развој на патувањата и туризмот на Светскиот економски форум во 2021 година. Бугарија забележа над 12,5 милиони меѓународни туристички пристигнувања во 2019 година пред да се случи пандемијата со Ковид-19; бројот потоа се намали за 60% (на 5 милиони) во 2020 година.[56] Пред да бидат воведени ограничувањата за влез поврзани со Ковид-19, најголемиот број на туристички посети потекнуваа од Романија (2 милиони), Турција (1,5 милиони), Грција (1,3 милиони), Германија (1,1 милион), Србија (633 илјади) и Северна Македонија (610 илјади); првите шест земји останаа на исто ниво и во 2020 година.

---

[55] Directorate for Technological Industrial Development Zones (TIDZ).

[56] The World Bank, International tourism, number of arrivals – Bulgaria.

**Слика 10. Слободни економски зони во Северна Македонија**




## TIDZ Incentives:

- 10-year tax holiday for profit and corporate tax
- Land in the TIDZ is available under long-term lease for up to 99 years
- Exempt from paying utility taxes and fees for land building permits
- Free connection to natural gas, water, and sewage network
- No customs duties and no VAT on imported equipment and construction materials
- 10% return of investment cost
- State support mechanism packages for staff training
- Investor care

| Tax | Tax Rates | |
|---|---|---|
| | TIDZ | Outside TIDZ |
| Corporate tax | 0% for 10 years | 10% |
| Value added tax | 0% | 18% |
| Personal income tax | 0% for 10 years | 10% -18% |
| Property tax | 0% | 0.1% - 0.2% |
| Excise taxes | 0% | 5% - 62% |

**Извор:** Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

**Во Северна Македонија, туристичкиот сектор речиси двојно се зголеми** во периодот 2010-2019 година.[57] Земјата е рангирана на 87-то место на Индексот за развој на патувањата и туризмот на Светскиот економски форум. Има помали резултати од аспект на големината на секторот, но дури и во регионот на Јужна Европа таа се рангира на 14-то место по

[57] Вкупните туристички престои во овој период се удвоиле од 1,2 милиони на 2,2 милиони. Туристичките престои од странство се зголемија речиси тројно (од приближно 550.000 на 1,57 милиони).

бројот на туристи по жител.[58] Пред случувањето на пандемијата, Северна Македонија имаше 758 илјади меѓународни туристички посети во 2019 година. Најголемиот број на туристички посети потекнуваат од Турција (112 илјади), Србија (60 илјади), Грција (58 илјади), Бугарија (56 илјади) и Полска (36 илјади). Северна Македонија останува релативно непозната како туристичка дестинација и, исто како и Бугарија, главните туристички атракции се со сезонски карактер.

**Билатерален туризам** меѓу Бугарија и Северна Македонија се зголеми, но сепак останува под можниот потенцијал: Бугарија е 4-ти по големина пазар за Северна Македонија, а Северна Македонија беше шести по големина пазар за Бугарија. Не е потребна виза за влез во/од која било од земјите за државјаните на другата земја, и тоа за краткотраен престој до 90 дена. Македонските граѓани првенствено ја посетуваат Бугарија за туристички цели (86,5% од посетите[59]) особено кон Црното Море и скијачките центри во Бугарија. Спротивно на тоа, бугарските посети во Северна Македонија се првенствено за деловни цели (39%), а туризмот е на второ место (31%). Неколку туристички агенции во Бугарија и Србија нудат пакети за повеќе земји, вклучувајќи ги и овие две.

**Можностите за транспорт** помеѓу и во рамките на двете земји се подобруваат мошне бавно и **тие и понатаму се неадекватни**. Нема директни железнички линии меѓу Бугарија и Северна Македонија. Автобуски компании возат на релацијата Софија-Скопје, која релација беше суспендирана за време на пандемијата со Ковид-19, но потоа сообраќајот беше обновен во 2022 година. Во март 2022 година, еден бугарски авиопревозник започна да оперира лет помеѓу Софија и Скопје, двапати неделно, кој потоа продолжува до Тирана (Албанија) и Бургас (Бугарија). Ова беше втор обид за развој на **воздушниот сообраќај** меѓу двете земји по летовите кои беа во функција во периодот помеѓу 2006 и 2009 година. Линијата повторно беше суспендирана во јули 2022 година поради **малата побарувачка**.

Според програмата ИПА СВС, околу **8 милиони евра се доделени за туризам**, што е најголем дел од оваа програма. Програмата се обиде да го реши проблемот со недостаток на квалификувана работна сила за туристичката дејност и неразвиените туристички ресурси во регионот. Таа исто така ја зголеми и соработката за воспоставување транспортни врски со цел промовирање на туризмот, регионалното поврзување и економскиот раст. Во моментов, долж границата има три постојни **гранични премини**: Златарево, Станке Лисичково и Ѓуешево. Според финансирањето за периодот 2021-2027 година, новиот граничен пункт Клепало ќе биде изграден помеѓу Струмјани и Берево, заедно со поправки и изградба на патиштата кои водат до границата. Граничниот пункт Станке Лисичково меѓу Благоевград и Делчево исто така ќе се модернизира и ќе се прошири на бугарска страна. Исто така е објавено и завршување на Паневропскиот Коридор VIII (Драч/Валона/Тирана, Елбасан, Скопје, Перник, Софија, Пловдив, Бургас, Варна).

[58] WorldData.info, Tourism in North Macedonia.

[59] Податоци на бугарскиот Национален статистички институт.

# ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ НА КОНСТРУКТИВЕН КАПИТАЛ

Бугарија и Северна Македонија се **мошне зависни од Европската Унија за јавно финансирање и техничка помош** за модернизација и привлекување на дополнителни инвестиции на конструктивен капитал од приватниот сектор. Како такви, двете земји треба паметно да ги насочат своите национални напори кон областите кои се утврдени како приоритети и од самата ЕУ. За периодот до 2027 година, а особено за земјите од Балканот, Европската Унија наведе три сеопфатни приоритети: развој на инфраструктурата, зелена транзиција и иновации и дигитализација.

## Инфраструктура

Подобрувањето на транспортните и енергетските врски (во самиот регионот и со ЕУ) е од суштинско значење за поттикнување на економскиот раст и за интеграција. Инвестирањето во квалитетна инфраструктура на транспарентен, отчетен и инклузивен начин, со што ќе се овозможи побезбеден, побрз и поефикасен транспорт на стоки и патници стимулирање на регионалниот економски развој, треба да биде највисок приоритет за двете влади. Два од десетте паневропски коридори за транспорт, Коридорот VIII и X, минуваат низ Северна Македонија и Бугарија.

Бугарија значително ја подобри својата внатрешна патна и железничка инфраструктура, но таа и понатаму во голема мера **заостанува подеднакво по квантитет и квалитет** во споредба со земјите од Централна Европа. Патната и железничката инфраструктура на Северна Македонија е **несоодветна**, застарена, со влошени автопатишта и неколку непланирани и одложени проекти. Немањето на добри автопати и железнички линии кои ќе ја поврзуваат земјата со нејзините соседи и со западните пазари е значајна пречка за потенцијалните странски инвеститори кои се извозно ориентирани. Иако низ годините Бугарија и Северна Македонија воспоставија копнени гранични премини и продолжуваат да планираат нови премини, ниту еден од нив нема квалитетна инфраструктура која е неопходна да се овозможат поголеми инвестиции на конструктивен капитал.

**Коридорот VIII е далеку** најважната инфраструктурна инвестиција меѓу Бугарија и Северна Македонија, чија изградба веќе неколку пати беше одложувана. Коридорот VIII (повеќенаменски транспортен систем долж оската Исток-Запад) опфаќа патни и железнички линии, морски и речни пристаништа, аеродроми и повеќенаменски пристаништа, со вкупно 1270 km железници и 960 km патишта.[60] Во Бугарија е завршен

[60] Коридорот VIII го поврзува Драч на Јадранското Море во Албанија со Бургас и Варна на бугарскиот брег на Црното Море, преку Северна Македонија. Патниот коридор ја следи следнава траса: Тирана/Драч/Валона – Елбасан – Скопје – Перник – Софија – Пловдив – Бургас – Варна. Иако сè уште не е целосен, тој е во голема мера паралелен со железничката траса: Драч/Валона-Лин-Радожда-Кичево-Скопје-Куманово-Бељаковце-Крива Паланка-Ѓуешево-Софија-Бургас-Варна.

коридорот од Бургас до Софија. Врската кон Варна и од Софија до границата со Северна Македонија останува нецелосна бидејќи нема автопат или железничка врска за воз со голема брзина. Во Северна Македонија, Коридорот VIII се протега околу 305 километри, при што кон него се поврзани 62% од населението во земјата. Неговиот развој треба да биде висок приоритет за земјата, но околу 60% од него допрва треба да биде изграден според стандардите за еден автопат. Во обид да ја модернизира трасата, Владата на Северна Македонија направи напори за рехабилитација и проширување на делови од постоечкиот пат и за изградба на нови делници.

Северна Македонија започна проект во вредност од 100 милиони евра за развој на патната инфраструктура од Скопје до границата со Бугарија (Деве Баир). Условите за патување на сегашниот пат се несоодветни. Проширувањето на најпроблематичната делница од 13,2 километри од пат кој поаѓа од Крива Паланка до границата со Бугарија (Деве Баир) е во тек (2022 година) со користење на 10,16 милиони евра заем од ЕБОР.[61] Дополнително, Европската банка, преку WBIF инструментот, додели 2,47 милиони евра во грантови средства во рамките на пакетот Агенда за поврзување 2018 за потребите на проектот за реконструкција на патишта во вредност од 13,7 милиони евра. Уште 110 милиони евра заем од ЕБОР се наменети за изградба на автопат во должина од 10,2 километри долж Коридорот VIII од Букојчани до Кичево во западниот дел од земјата. WBIF го кофинансира овој проект со инвестициски грант од 20 милиони евра. Владите на Јапонија и Австрија, исто така, придонесуваат за овој проект со финансирање на програмата за вклучување на младите и за проценка на климатската отпорност. Ова е показател за дополнителните можности за инвестирање кои би се отвориле во однос на Коридорот VIII. Албанија ја започна изградбата на „Патот Арбер“ од Тирана до границата со Северна Македонија, долж Коридорот VIII.

Доколку би имало **брза железничка пруга**, патувањето меѓу Софија и Скопје би траело помалку од еден час, но моментално не постои железничка врска меѓу двете земји. Железничкиот Коридор VIII има вкупна должина од 315 километри, од кои досега се изградени само 50%. Во Северна Македонија, Коридорот опфаќа железничка делница меѓу Куманово и границата со Бугарија во вкупна должина од 89 километри, како и уште една железничка делница меѓу Кичево и Скопје во должина од 103 километри. Плановите за развој на оваа рута датираат од деветнаесеттиот век, при што се изградени и/или рехабилитирани разни делници, и тоа до 2004 година, кога престанаа сите градежни работи поради значителен недостиг на финансиски средства. Во 2017 година, двете министерства за транспорт потпишаа Меморандум за разбирање (МР) за изградба на поврзувачките железнички мрежи. Бугарија има за цел да го заврши својот дел до 2027 година, додека Северна Македонија исто така цели да го заврши својот дел до 2027 година.

---

[61] ЕБОР ја поддржува Северна Македонија во нејзините напори за подобрување на нејзината транспортна инфраструктура, со инвестиции во железничката и патна инфраструктура. До почетокот на 2022 година таа обезбеди повеќе од 400 милиони евра за изградба на патишта.

**Слика 11.Трансевропски коридори VIII и X што ги поврзуваат Бугарија и Северна Македонија**




**Извор:** Центар за проучување на демократијата, 2022 година.

## Зелена трансформација

Бугарија и Северна Македонија се соочуваат со сериозни **енергетски и климатски безбедносни ризици**, кои се влошени со руската инвазија врз Украина. Прекумерната зависност на увоз на природен гас од Русија доведе до тоа и двете земји да се соочат со прекини во снабдувањето со гас откако „Гаспром" почна да ги намалува испораките во Европа во 2022 година. Зголемените цени на енергијата поради целокупната геополитичка криза нагло ги зголемија ризиците од енергетска сиромаштија и ја ослабнаа конкурентноста на индустријата на двете земји. Во меѓувреме, двете држави беа воздржани во процесот на енергетска транзиција, доведувајќи се на тој начин во состојба на ризик да станат целосно и долгорочно зависни од фосилни горива (најмногу јаглен).

Забрзаното распоредување на обновливи извори на енергија и прифаќањето на зелени технологии во сите економски сектори би имало клучна улога за следново: (i) постигнување на долгорочните цели за декарбонизација на двете земји согласно ЕУ рамката и; (ii) зајакнување на конкурентноста на нивните економии. Зелената трансформација на енергетскиот сектор ќе им помогне на бизнисите во Бугарија и Северна Македонија да добијат поголем пристап до некои од **најдинамичните и најрастечките синџири на снабдување во Европа**. Двете земји се исто така изложени и на загадувањето на воздухот и на негативното влијание врз животната средина предизвикано од рударството и тешката индустрија. Јагленот и понатаму претставува главен извор на снабдување со електрична енергија и сè уште се користи за загревање на домаќинствата, придонесувајќи на тој начин за поголемиот дел од емисиите на ста-

кленички гасови и за проблемите поврзани со квалитетот на воздухот.[62] **Енергетската ефикасност** е околу три пати помала од просекот на ЕУ а повеќе од една третина од населението на двете земји не може соодветно да ги загрее своите домови. На подолг рок, најмалку скапиот пат кон постигнување на економија со ниска потрошувачка на јаглерод и економија која ќе биде енергетски безбедна за Бугарија и Северна Македонија е да се трансформира мешавината во снабдувањето со електрична енергија и да се **поттикне електрификацијата** во клучните сектори.

Во февруари 2020 година, Северна Македонија ја усвои својата Стратегија за енергетски развој до 2040 година. Потоа, во месец мај, таа го презеде водството како **прва економија од Западен Балкан што го поднесе својот Национален план за енергетика и клима** (NECP) до Енергетската заедница на разгледување, инаку инструмент на Европската Унија за координирање на националните политики и јавните инвестиции развиен у усвоен од сите земји-членки на ЕУ. Македонскиот Национален план за енергетика и клима е патоказот за постигнување на долгорочните енергетски и климатски цели на земјата врз основа на суштинските регулаторни и административни реформи кои **ги отстрануваат пречките за нови инвестиции во обновлива енергија**. Камен-темелник на стратегијата за декарбонизација на земјата е затворањето на електраните на јаглен - ТЕ Осломеј и ТЕ Битола до 2027 година, како и забрзување на спроведувањето на обновлива енергија за производство на електрична енергија заедно со мерки за енергетска ефикасност во сите сектори.[63]

Паралелно со ова, Северна Македонија постепено го усогласува своето законодавство за енергетска ефикасност со стандардите на ЕУ и им помага (иако на скромен број) на домаќинствата со **надградба кон енергетска ефикасност** преку субвенции. Националниот план за енергетика и клима предвидува низа политики и мерки за намалување на потрошувачката на енергија во зградите, индустријата и транспортот, како и за намалување на загубите во преносот и дистрибуцијата. Како дел од овој План, владата планира да воспостави пазар со ден однапред, заедно со бугарскиот пазар, и да се ѝ придружи на **иницијативата за развој на заеднички регионален пазар**. Северна Македонија, исто така, работи на осмислување на својата финансиска рамка за зелена транзиција. Владата го усвои Планот за финансирање за забрзување на растот (2022-2026), кој ќе содржи финансиски инструменти како што се зелени обврзници, Хибриден национален зелен и дигитален фонд наменет за мали и средни претпријатија, отворање на посебни иновативни старт-ап компании кои се фокусираат на инвестиции во зелени технологии, Фонд за енергетска ефикасност и Стратешки фонд за зелени инвестиции за проекти наменети за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност[64].

---

62 Освен Албанија каде доминира хидроенергијата.

63 Учеството на обновливите извори на енергија во потрошувачката на финална енергија е таргетирано на 38%, со следниве цели: 66% учество во вкупното производство на електрична енергија, 45% учество во вкупната потрошувачка за греење и ладење и потрошувачката на финалната енергија во транспортот да биде 10%.

64 Ministry of Finance of the Republic of North Macedonia, "Besimi: Future development based on green and digital transformation, new instruments and Funds in the Growth Acceleration Plan", *News*, October 4, 2021.

Бугарија има развиено слична рамка за поддршка на зелените инвестиции преку нејзиниот Национален план за закрепнување и отпорност (NRRP), кој има за цел да ги поддржи зелените иновации во обновливи извори на енергија и технологии за складирање, потоа во високотехнолошки старт-ап компании, дигитализацијата на секторот за електрична енергија и програми за енергетска ефикасност од голем обем[65]. Ова отвора можности за **заеднички прекугранични инвестиции** во технологии со ниска стапка на јаглерод. Двете земји треба подобро да ги **координираат** своите **агенди за зелена трансформација** на национално и на локално ниво, користејќи ја можноста која ја нуди програмата за прекугранична соработка за подготовка на поголеми и посложени интервенции во рамките на приоритетите на ЕУ - кохезија и закрепнување и финансирање на издржливоста. Дополнително, Бугарија би можела да го сподели со Северна Македонија своето искуство за развој на разни финансиски инструменти за позеленување на економијата.

Со цел да ја катализира својата зелена транзиција и да го промени начинот на кој се базира одржливиот економски развој на земјата, Северна Македонија мора да одговори на структурните **предизвици** кои се однесуваат на дефинирање на конзистентни енергетски и климатски политики; премостување на јазот во спроведувањето на стратешките документи; и подобрување на квалитетот во управувањето со стратешките економски области.[66] Понатаму, постои потреба од посеопфатна стратегија за ангажирање на засегнатите страни во приватниот сектор, граѓанското општество и академскиот свет, која треба да ја информира дебатата за зелена трансформација и да го подобри квалитетот на стратешките енергетски и климатски политики. Ниските даноци за енергетика, како што се ниските акцизи на горивата (особено дизелот) или вештачки ниските цени на енергијата и греењето, доведоа до нарушувања на пазарот, прекумерна потрошувачка на енергија и значително фискално оптоварување. Освен тоа, на земјата ѝ недостасуваат и доволно големи стимулативни програми (особено за ранливите потрошувачи) чија цел би била поддршка на инвестициите за енергетска ефикасност на зградите.

Покрај тоа, Северна Македонија треба да го отклучи својот огромен потенцијал за инвестиции во соларни фотоволтаици, која е втора по големина во Југоисточна Европа по Албанија. Бугарија е на третото место.[67] Северна Македонија и Бугарија би можеле да го искористат овој **висок потенцијал за обновлива енергија** со давање поддршка на мали фотоволтаични системи, енергетски заедници и интеграција на постројки за производство на електрична енергија базирани на фотоволтаици во поголемите производствени процеси. Сепак, институционалните, финансиските и технолошките бариери го попречуваат проширувањето на овој сектор на обновливи извори на енергија во двете земји. Северна Македонија постави цел од 250 мегавати произведени од фотоволтаици инсталирани на покриви до 2030 година и 400 мегавати до 2040 година,

---

65 Rangelova, K. et al., *Switching the Gears of Decarbonisation: Policy Action for a Low-Carbon Transformation of the Bulgarian Economy*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2021.

66 Стратегијата за индустријата која е усвоена во 2018 година со цел промовирање на зелената индустрија сè уште нема акциски план за имплементација.

67 ESMAP, *Global Photovoltaic Power Potential by Country*, Washington, DC: World Bank, 2020.

но до средината на 2021 година беа поставени само 42 инсталации и тоа за сопствена потрошувачка.[68]

Слично на тоа, Бугарија ги забави инвестициите во секторот за обновлива енергија во земјата (кој е во зародиш) по неговото забрзано проширување кое се случи во годините веднаш по пристапувањето во ЕУ. Ова имаше особено негативно влијание на **малите домаќинства и инвестициите на малите и средни претпријатија**. Бугарија однапред ја исполни својата цел за обновливи извори на енергија за 2020 година и оттогаш па наваму го намалува темпото на активности насочени кон зелена трансформација. Сите влади кои се менуваа една по друга не сакаа да прецизираат официјална временска рамка за постепено укинување на производството на електрична енергија од јаглен во Бугарија, што го блокираше планирањето на инвестициите поврзано со енергетскиот аспект[69]. Нејасната стратегија за постепено истиснување на јагленот можно е да ги попречи напорите за економска и општествена трансформација на регионите со јаглен, што го вклучува Ќустендил кој е во соседството на Северна Македонија.

**Неизвесноста на стратегијата за истиснување на јагленот** во Бугарија ја поткопува Стратегијата на земјата за забрзување на примената на обновливите извори на енергија[70]. Поголемата интеграција на обновливите извори на енергија во системот доведува до пониски цени. Ова бара од владата да направи прераспределба на државните приходи од продажба на сертификати за јаглерод на европскиот пазар со цел поддршка на нови проекти за обновливи извори на енергија – што е политички инструмент кој досега не е доволно искористен. Дополнително, владата треба постепено да ги укинува вештачки ниските и регулирани цени на енергијата кои не ја поттикнуваат средната класа да инвестира во подобрувања на енергетската ефикасност или да премине на почисти извори на енергија за греење и готвење. Либерализацијата на цените на енергијата мора да се спроведе заедно со една посеопфатна политика за справување со енергетската сиромаштија.

Многу е важно тоа што инструментите за финансирање треба да им дадат **приоритет на инвестициите со конструктивен капитал во паметните мрежи на земјите**, кои ќе имаат клучна улога во подобрата интеграција на големиот број електрани кои користат обновливи извори на енергија во електроенергетскиот систем и ќе го подобрат управувањето со неговите потреби од балансирање. Бугарија и Северна Македонија треба да ги искористат фондовите на ЕУ со кои располагаат за да ја креираат потребната инвестициска средина за масовно вклучување на приватниот сектор и масовно преминување кон обновливи извори – сето тоа предводено од граѓаните – наместо сегашниот фокус на само неколку големи проекти. Стратегијата за зелена трансформација за економијата ќе бара радикално подобрување на квалитетот на владеењето, вклучително

---

[68] Energy Community Secretariat, WB6 Energy Transition Tracker, Vienna: ECS, 2021.

[69] Primova, R., Vladimirov, M., and Trifonova, M., *Towards a Just Transition in Bulgaria: Unlocking the Green Transformation Potential of Stara Zagora, Pernik and Kyustendil*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2022.

[70] Szabo, L. et al., *Accelerated Lignite Exit in Bulgaria, Romania and Greece*, REKK, 2020.

и преку **зајакнување на независноста на регулаторите задолжени за енергетика и за анти-труст правила**, потоа елиминирање на субвенциите што го нарушуваат пазарот и на политички назначените лица во државните енергетски компании, како и синхронизација на инвестициските одлуки со ЕУ и со регионалните приоритети[71].

## Иновации и дигитализација

Пристапот до најсовремени технологии и нивната ефективна апсорпција е суштински важен фактор за економскиот раст и тоа треба да биде дел од секоја стратегија за привлекување конструктивен капитал. Бугарија и Северна Македонија се на **многу слично ниво на развој** на своите иновациски системи, што би можело да помогне во нивната соработка во оваа област. Двете земји **заостануваат зад другите држави од ЕУ**. Иако двете земји имаа брз раст во дигитализацијата, сè уште постои јаз на ова поле во споредба со просечните нивоа на ЕУ, особено во однос на употребата на дигитални технологии во деловните процеси и за цели на продажба.

Изданието на Европската бодовна табла за иновации (EIS) за 2022 година посочува дека Бугарија[72] и Северна Македонија се на речиси иста позиција во **групата на умерени (растечки) иноватори – имаат најниски резултати**. И двете земји бележат раст во својот учинок во споредба со 2014 и 2021 година (како појдовни основи). Сепак, нивните стапки на раст се пониски од растот на просекот на ЕУ, што всушност го зголемува јазот во однос на нивните земји-врсници.

И покрај тоа што по 2014 година беа ставени на располагање значителни средства од ЕУ наменети за поддршка на иновациите, **Бугарија континуирано не ја постигнува својата национална цел** да се помести кон повисоката категорија на умерени иноватори и да троши 1,5% од БДП за истражување и развој.[73] Всушност, заостанувањето на земјата зад просечното европско ниво и понатаму се зголемува. Трошоците за истражување и развој изнесуваа само 0,85% од БДП во 2020 година, што е под светскиот просек од 2,63%.[74] Светла точка во иновацискиот учинок на Бугарија е ИКТ секторот, кој веќе учествува со 4,4% во приходите во националната економија. Со силна поддршка од ЕУ, Бугарија успеа да развие **динамична заедница за стартапи** и **екосистем за ризичен капитал**. Дополнително, Бугарија има стекнато драгоцено искуство во осмислувањето и спроведувањето активности во рамките на инструментот на ЕУ за паметна специјализација. Сите региони во Бугарија имаат искуство со **регионални стратегии за иновации** и тие можат да работат заедно

---

[71] Center for the Study of Democracy, *Technological and Policy Innovation Scenarios for the Low-Carbon Transition of the Bulgarian Energy Sector*, Policy Brief No.109, April 2022.

[72] Georgieva and Yalamov, *Innovation.bg 2021: Building Innovation Recovery and Resilience in Bulgaria*, Sofia: ARC Fund, 2021.

[73] Според Стратегијата за иновации за паметна специјализација 2014-2020 година, напредокот на Бугарија во истражувањето, технологијата и иновациите се мери според нејзините компаративни позиции во рамките на EIS и потенцијалната транзиција кон групата умерени иноватори. По немањето напредок, истата цел е поставена и во Стратегијата за иновации за паметна специјализација 2021-2027 година.

[74] European Commission, European Innovation Scoreboard, 2021.

со македонските локални самоуправи за да им помогнат да ги надградат своите вештини за иновации во подготвувањето програми. Сепак, единствениот национален инструмент за финансирање со јавни средства за поддршка на иновациите во Бугарија е Националниот фонд за иновации. Фондот има многу ограничени ресурси од, во просек, помалку од 5 милиони евра годишно (од 2004 година).[75]

Во Северна Македонија, расходите за истражување и развој изнесуваа само 0,38% од БДП во 2020 година, што е **ниско ниво дури и во споредба со другите балкански земји**, вклучувајќи ги Бугарија, Србија и Хрватска.[76] Во периодот од 2008 година, Северна Македонија има за цел да го реформира и подобри своето деловно опкружување со цел да поттикне истражување и развој и иновации. Националната стратегија за иновации (2012-2020) беше усвоена во 2012 година како клучен стратешки документ со цел да се поттикнат конкурентноста и економскиот развој заснован на знаење и иновации.[77] Сепак, на Стратегијата ѝ недостасуваше план и истата не е ажурирана за периодот по 2020 година. Во 2022 година Северна Македонија го започна развојот на својата **прва Стратегија за паметна специјализација** со поддршка на Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија. Клучниот инструмент за јавно финансирање – Фондот за иновации и технолошки развој е основан во 2013 година со цел за да ги поттикне иновациите и економијата на знаење. Тој првенствено доделува грантови за мали и средни претпријатија и има кофинансирано 686 проекти со вкупна инвестиција од околу 86 милиони евра (со состојба во месец март 2022 година).[78]

**Дигитализацијата во двете земји во домаќинствата, бизнисите и слично заостанува зад просекот на ЕУ**. Додека Северна Македонија води во однос на пристапот до интернет и компјутерската достапност, информатичките технологии се, всушност, подобро интегрирани во бизнисите во Бугарија (на пр., поголем дел од бугарските компании имаат вистинска онлајн продажба).[79] Двете земји треба да продолжат да инвестираат во, и да ги надградуваат, своите **динамични ИТ сектори** со цел да осигураат дека истите се подобро вградени во нивните национални економии. Добра почетна основа може да биде **дигитализацијата на големите традиционални сектори** во нивните економии, како што се туризмот, земјоделството и градежништвото. Ова треба да помогне во ширењето на знаењето што ИТ компаниите во Бугарија и Северна Македонија го стекнале преку своето работење со давање услуги во САД и ЕУ.

---

[75] Georgieva and Yalamov, *Innovation.bg 2021: Building Innovation Recovery and Resilience in Bulgaria*, Sofia: ARC Fund, 2021.

[76] World Bank, Research and development expenditure (% of GDP) – North Macedonia, June 2022.

[77] Antovska, M., “Macedonian National Innovation System – States, Challenges and Perspectives”, August 2020.

[78] European Commission, “Innovation in formal education”, – In: *Education and Training*, March 31, 2022.

[79] Според податоците од базата на податоци за дигитална економија и општество на Евростат.

# ШТО Е СЛЕДНО: ИТНИ ПРИОРИТЕТИ

Честите кризи и контроверзии во билатералните односи на Бугарија и Северна Македонија се покажаа како мошне штетни за економскиот развој на двете земји. Бугарија го одложи почетокот на преговорите за пристапување на Северна Македонија со ЕУ во периодот 2020 до 2022 година, што повторно ги разгори долгогодишните незадоволства меѓу двете земји. Овој јаз претставува политичка можност за **противниците на интеграцијата на регионот во ЕУ**, вклучително и за **застапниците на Русија во двете земји**.[80] Политичката нестабилност во Софија и Скопје и бавното темпо на интеграција во ЕУ, исто така, придонесоа кон зацврстување на дефицитите во владеењето и **ранливоста кон заробување на државата**, спречувајќи го на тој начин економскиот развој и стеснувајќи ги можностите за конструктивен капитал.[81] **Јавните набавки и државната помош** беа особено засегнати од ова што особено штетно влијаеше на правичната конкуренција на пазарот.[82] **Заробеноста на медиумите** е дополнително вкоренета, ограничувајќи го така просторот за водење неполитизиран дијалог и отворена дискусија.[83] Оваа нестабилност, исто така, им овозможи на трети земји, како што се Русија и Кина, меѓу другите, да се обидат да го искривоколчат јавното мислење и да ѝ наштетат на економската безбедност и соработката на двете земји.[84] Како резултат на тоа, Бугарија и Северна Македонија се земји кои се во најголем дел цел на руските дезинформации во Европа.[85] Како резултат на тоа, економските сентименти и перспективите во двете земји се влошија.

Бугарија и Северна Македонија мора да се стремат кон тоа да **го спроведат политичкиот компромис кој беше постигнат за време на француското претседателство со Советот на ЕУ**, што го отвори патот за пристапните преговори со Северна Македонија. За таа цел, двете земји мораат да ја прекинат националистичката реторика и говорот на омраза и, наместо тоа, да ги нагласат и да ги следат позитивните економски можности за меѓусебна соработка и развој. Решавањето на отворените билатерални прашања, исто така, ќе ја зголеми **отпорноста на двете земји против злонамерните странски влијанија**. Законот за демократија и отпорност на Западен Балкан, кој во моментов се пробива низ аме-

---

80 Stefanov, R., and Vladimirov, M., *The Kremlin Playbook in Southeast Europe: Economic Influence and Sharp Power*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2020.

81 Stoyanov, A., Gerganov, A., and Yalamov, T., *State Capture Assessment Diagnostics*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2019; Shentov, O., Stefanov, R., and Todorov, B., *Geopolitics, State Capture and Peak Corruption*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2022.

82 Mineva, D. et al., *Public Procurement Integrity in Southeast Europe*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2022.

83 Filipova, R., Vladimirov, M., and Gerganov, A., *Tackling Kremlin's Media Capture in Southeast Europe*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2021.

84 Студијата нарачана од Европскиот парламент укажува дека голем број медиуми кои се во сопственост на Словенија или Унгарија учествуваат активно во кампањата за дезинформација во Северна Македонија, чија цел е да ги наруши односите со Бугарија. Види Greene, S. et al., *Mapping fake news and disinformation in the Western Balkans and identifying ways to effectively counter them*, European Union, 2021, pp. 28 and 30.

85 Center for the Study of Democracy, *Capture Proofing Media in Southeast Europe*, Policy Brief No. 98, March 2021.

риканскиот Сенат, би бил позитивна рамка која би требало да се следи, како и Акцискиот план за демократија на ЕУ. Следниве **препораки за политики** би можеле да го формираат столбот на заедничката стратегија на Бугарија и Северна Македонија за привлекување повеќе конструктивен капитал во регионот и за подобрување на просперитетот:

### Засилување на соработката

- Спроведување и надградба на разните **секторски мерки** кои се предвидени со Заедничкиот протокол склучен меѓу двете страни на 17 јули 2022 година, на политичко и на практично ниво. Имено, двете земји треба да се фокусираат на следниве полиња:
  - o економија, трговија и иновации
  - o инфраструктура, транспорт и поврзаност
  - o европска соработка, зелена транзиција и дигитална трансформација и владеење на правото
  - o туризам, култура, наука и образование, млади и спорт

Понатаму, активностите на разните работни групи на министерско ниво мора продолжат и да се имплементираат според конкретни акциски планови и временски рокови.

- **Размената на искуства во областа на ЕУ интеграцијата**, вклучително и искористување на јазичната блискост, би можело да го забрза транспонирањето на правото на ЕУ во Северна Македонија. Бугарија и Северна Македонија би можеле да го следат примерот на Чешка и Словачка, кои ги споделија своите преводи на правото на ЕУ. Двете земји би можеле да ги поддржат и своите практични напори преку похрабра декларација за политичка амбиција, така што ќе се договорат за конкретна временска рамка за работа со цел пристапување на Северна Македонија во ЕУ.

- **Вклучување во планирање и спроведување на повеќе заеднички проекти** според инструментите за финансирање на ЕУ кои им се достапни за двете земји. Бугарија би можела да има водечка улога во овој процес и да овозможи повеќе планирање и ресурси за интензивирање на таквата соработка. Како можен пример, Бугарија би можела да се обврзе на воспоставување на **наменски билатерален фонд за развој на инфраструктурата** во износ од 1 милијарда евра во следнава деценија – изјава за политичка волја и практична подготвеност да се направат промени и да донесе повеќе конструктивен капитал за двете земји. Дополнително, Софија би можела да го зголеми своето финансирање на **развојната помош** наменета на Северна Македонија; ова може да се направи билатерално или во рамки на иницијативите на ЕУ и во соработка со други донатори, како што се норвешки, швајцарски, австриски, италијански, словачки и американски хуманитарни агенции и програми. Овој процес е веќе започнат. Бугарската помош за развојна соработка треба да настојува да ја зголеми соработката меѓу бизнисот и граѓанското општество и помеѓу самото граѓанско општество. Од своја страна, Северна Македонија неопходно е да идентификува механизми за значително

зголемување на моментално слабиот капацитет за доделување на нови можности за финансирање.

- Воспоставување на **Фонд за соработка Бугарија-Северна Македонија** (врз основа на моделот на Фондот за соработка Шведска-Литванија) со цел поддршка на проекти од граѓанското општество и од младите со кои се поттикнуваат, прошируваат и диверзифицираат билатералните односи меѓу двете земји.

- Двете земји можат исто така да развијат слични алатки за соработка во однос на **иновациите, ИТ и зелената технологија**. Таквата соработка би можела дополнително да се зајакне преку билатералната програма за прекугранична соработка на ЕУ наречена Integrreg. **Бугарскиот Фонд на фондови**, кој управува со поддршката за иновативни финансиски инструменти наменети за ризичен капитал и урбан развој, би можел дополнително да ја поттикне интеграцијата на растечките и динамични екосистеми за ИТ стартап компании од двете земји. Министерствата за економија, иновации и наука би можеле да поттикнат соработка во **рамковната програма на ЕУ за истражување и иновации** преку обезбедување насочена поддршка за целите на подготовка на заеднички понуди во рамките на програмата.

- Интензивирање и продлабочување на **меѓуинституционалната соработка** помеѓу Бугарската народна банка (БНБ) и Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ). Да се разменуваат искуства за монетарната политика, макропрудентните мерки, надзорните и супервизорски практики, финансиските иновации и образованието, со цел да се промовира финансиската стабилност и одржлив раст во двете земји. Бугарската народна банка би можела да помогне во зајакнувањето на институционалниот капацитет на Народната банка на Р.С. Македонија со цел да ѝ овозможи да ги исполни стандардите кои се бараат од Европскиот систем на централни банки.

### Зголемување на поврзаноста

- Да се вложат поголеми напори и ресурси за да се постигнат конкретни резултати во подобрувањето на патната и железничката инфраструктура долж сите гранични премини, што би ја зголемило слободната циркулација на стоки и луѓе, а исто така ќе ја подобри и воената мобилност на НАТО помеѓу сојузниците на источното крило
  - Да се забрза изградбата на новиот граничен премин Клепало меѓу општините Струмјани и Берово.
  - Да се забрза изградбата на **делницата на Коридорот VIII и железничката линија** од Софија до Скопје. Да се работи со Албанија, Италија и Европската комисија на заокружување на Коридорот VIII во неговата целосна должина.

- Да се искористат моментумот и можностите што ги нуди гасниот интерконектор Грција – Бугарија за развој на **дополнителни гасни интерконекции помеѓу Бугарија и Северна Македонија**, а истовремено да се продолжи со намерата да ѝ се овозможи пристап

на Северна Македонија до капацитетот за складирање гас во Чирен, Бугарија.

- Воспоставување на **пазар на електрична енергија за еден ден претходно во Северна Македонија**, како предвесник за имплементација на патоказот за спојување на пазарите на електрична енергија на двете земји.

- **Понатамошно проширување на трговијата, инвестициите и туризмот**. Како главна севкупна цел, **двете земји би можеле да се стремат кон најбрзо растечки трговски и инвестициски промет за соодветниот пазар на другата земја.**
  - o Да се промовираат заеднички инвестиции, да се обезбедува **заштита на инвеститорите** и да се бара интеграција во синџирот на вредности.
  - o Создавање можности за развој на **заеднички туристички производи** и услуги (на пример, селски и еко-туризам; спа и скијачки тури; локалитети на светско наследство на УНЕСКО на Балканот, итн.), искористувајќи ги предностите на традиционалното биопроизводство и земјоделската извонредност.
  - o **Стимулирање на ИТ секторот** да споделува искуства, знаење и ресурси. Софија би можела да има корист од значителната експертиза, додека Скопје би можел да добие пристап до динамична и добро опремена инфраструктура за поддршка на стартап бизниси.
  - o Организирање редовни **бизнис форуми Бугарија-Северна Македонија** (и меѓусебни посети од страна на претприемачите, учество на регионални конференции, семинари, саеми, изложби итн.), фокусирајќи се на перспективните економски сектори, како што се ИКТ, прехранбена дејност, фармацевтски производи итн. за да се отклучи деловниот потенцијал и да се спојуваат компаниите од двете страни на границата. Бизнис здруженијата, стопанските комори и агенциите за промоција на инвестиции имаат витална улога во **мобилизирањето на приватниот сектор**. Поголемите напори од нивна страна се императив за да се иницира дијалог помеѓу засегнатите страни за прашања поврзани со прекуграничниот тек на конструктивен капитал и негово влијание, и подигнување на свеста и понатамошни активности

- Поттикнување на **размена на искуства и техничка помош** (TAIEX) со цел осмислување мерки и активности за подобрување на развојот на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија. Бугарски експерти би можеле да се вклучат во координирањето на деловните и гранкови политики во Поглавјето 20 (Претпријатија и индустриска политика). Соработка и споделување информации за моделот за поддршка на малите и средни претпријатија и за деловната инфраструктура која е неопходна за поддршка на малите и средни претпријатија, како што се деловни центри, инкубатори, технолошки центри итн.

- Развој, зајакнување и координирање на механизми за економска безбедност, како што се **проверка (скрининг) на инвестициите и спроведување санкции** во рамките на ЕУ, учејќи од искуството на

земјите од Централна и Источна Европа, ЕУ и САД. Ова може да биде дел од активностите за целокупно зајакнување на капацитетите на двете земји за поадекватен одговор на зголемените хибридни закани.

- Ставање акцент на конкретни сектори со потенцијал за раст и отворање работни места од двете страни на границата, во согласност со дигиталната модернизација и зелената транзиција на двете економии.
  - Постои неискористен потенцијал за тоа **ИТ секторот** во двете земји да соработува и заеднички да развива производи и услуги што ќе се понудат на европскиот и американскиот пазар.
  - Модернизирање на законодавството за дигиталната економија, како што се регулирање на краудфандинг можностите, олеснување на издавањето работни визи за лица кои од земји кои не се членки на ЕУ, промовирање на визи за стартапи и обезбедување опции за инвестирање во различни пензиски фондови - сите овие политики за возврат ќе привлечат странски директни инвестиции и ќе бидат катализатор за стартап компании. Формирањето **заеднички фонд за стартапи и стимулирање инвестиции во иновации** ќе ја зајакне меѓусебната соработка и позитивно ќе влијае на деловната клима.
  - Инвестициските фондови со седиште во Бугарија мора да се либерализираат и потребно е да се дозволи да може да се регистрираат компании и во земји кои не се во ЕУ.
  - Да се формира заедничка работна група во **земјоделството** со цел да се унапреди имплементацијата на инструментите за претпристапна помош од ЕУ и да се придвижи соработката во земјоделските науки и обуката: производство, биопроизводство и биотехнологија во земјоделството и сточарството. Да се истражат можностите за консолидација на програмите за развој на руралните области.

- Зголемување на напорите и посветување ресурси за поттикнување на поголема **поврзаност меѓу луѓето**,[86] како незаменлив начин за надминување на поделбите од минатото.

- Заедничко решавање на **демографските и проблемите со „одливот на мозоци“**, кои ги ослабуваат двете економии и го одвраќаат интересот на инвеститорите. Искористување на постојното знаење и воведување ефикасни политики за повратна миграција со цел да се привлечат квалификуваните лица да се вратат дома на работа (на пример, период без данок, стимулации за домување и за грижа за деца, паушални исплати итн.) со искористување на атрактивноста на нивните заеднички пазари. Дополнително, потребно е да се поедностави билатералниот процес за добивање дозволи за работа и престој – Германија, на пример, има посебен имиграциски режим за граѓаните од Западен Балкан – и потребно е да се обезбедат можности за инвестирање во различни пензиски фондови.

---

[86] Jusufi, I. et al., From Dispute to Connectivity: Greece-North Macedonia-Bulgaria between a Difficult Past and a European Future, Athens: Eliamep; Skopje: Analytica, 2022.

- o Да се обезбедат **подобри можности за стипендирање**. Се проценува дека 150-250 македонски студенти годишно ги започнуваат своите студии во Бугарија; оваа бројка може да се подобри доколку бугарската влада, граѓанските организации и универзитетите (на пример, Американскиот универзитет во Бугарија) им доделуваат стипендии за редовни студии на студенти, специјалисти и докторанти од Северна Македонија. Бугарските власти веќе нудат голем број стипендии за високо образование за студенти кои се од Северна Македонија, но може да се разгледаат и начини за поттикнување и на дополнителен интерес кај идни студенти. Северна Македонија треба да размисли за реципрочни мерки.
- o Да се воспостави институционализиран и јавно финансиран **младински претприемачки дијалог** заснован на принципите на реципроцитет и взаемно разбирање и корист, врз основа на моделот на Француско-германската канцеларија за млади и Регионалната канцеларија за младинска соработка на Западен Балкан. Дијалогот би можел да организира младински размени, волонтерски можности и други заеднички проекти и да соработува во рамките на програмите Еразмус+ и Хоризонт Европа со цел развој на претприемачки и деловни вештини.

### Справување со ранливоста кон заробување на државата и економската безбедност

- Војната во Украина бара **поголема безбедност за конструктивниот капитал**. Неопходно е Софија и Скопје да го надградат своето НАТО партнерство за **подобрување на безбедноста со цел развој на бизнисот**.

- Потребно е Бугарија и Северна Македонија да им се придружат на Грција и Романија во **проширувањето на нивната одбранбена и економска соработка со САД**, бидејќи Вашингтон и понатаму има незаменлива улога во гарантирањето на демократската транзиција на целиот Балкан и на регионот на Црното Море. Бугарија треба да се обиде да ја прошири својата улога во рамките на Иницијативата за три мориња и да ја усогласи својата работа во оваа Иницијатива со нејзините приоритети за билатерална соработка со Северна Македонија.

- Да се настојува да се продлабочи **одбранбената соработка** во области кои имаат значителен потенцијал, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на следново:
  - o Зацврстување на воената соработка фокусирана на источното крило на НАТО како дел од новите решенија за адаптација на Алијансата за **одвраќање и градење одбранбени способности**. Понатаму, двете земји е потребно да учествуваат во регионалните одбранбени иницијативи и проектите за воена мобилност на НАТО и ЕУ, вклучувајќи го заокружувањето на Коридорот VIII и соработка во одбранбената индустрија со цел модернизација на нивните армии.
  - o Учество на Република Северна Македонија во мултинационалната борбена група на НАТО формирана во Бугарија, како и борбата против **хибридните закани и напорите за зајакнување на**

**сајбер безбедноста и управување со кризи**.

- o **Давање приоритет на интегрираното гранично управување**; потребно е да се формира заедничка работна група за борба против прекуграничните измами, трговијата со луѓе и шверцот со дрога и оружје.

- Заедништво во **справувањето со двојните предизвици на заробување на државата и медиумите и руската економска војна** и влијание во регионот.
  - o Да се прават обиди, во соработка со ЕУ, заеднички да бидат решени преостанатите **институционални, економски, политички и други ранливости** кои можат да доведат до заробување на државата. Да се стави акцент на соработката со граѓанското општество со цел понатамошно постапување во однос на Извештајот на ЕУ за владеење на правото во Бугарија и годишните извештаи за Северна Македонија. Користење на иновативни дијагностички инструменти како што е Дијагностиката за проценка на заробеност на државата (SCAD),[87] Следење на спроведувањето на антикорупциската политика (MACPI),[88] и Системот за редовно следење на состојбата со корупцијата.[89] САД (преку УСАИД) и ЕУ (преку DG NEAR) би можеле дополнително да помогнат во овој процес на меѓусебно учење и размена на искуства.
  - o Да се стави висок приоритет на **отстранување на заробувањето на државата овозможено од Русија, особено во секторите енергетика и клима**. Заеднички да се настојува да се постигне рамнотежа помеѓу зелената транзиција, економската конкурентност и енергетската безбедност. Еден од можните инструменти за подобро планирање на **заедничката енергетска соработка** е Индексот на ризик во однос на енергетска и климатска безбедност.[90] Овој Индекс може да обезбеди взаемно и корисно разбирање на ризиците и можностите со кои се соочува секоја земја и да ги посочи најдобрите области за интеграција во ЕУ.
  - o Отстранување на заробувањето на медиумите од проруските фактори. Вклучување во тековните иницијативи на САД и ЕУ кои се фокусирани на **справување со заробувањето на државата и пласирањето погрешни информации** во дигиталните и социјални медиуми. Справување со сите четири елементи на заробување на медиумите: сопственост, рекламирање, влада и когнитивно. Понатамошно продлабочување на соработката меѓу медиумите од двете земји со цел подобрување на новинарските стандарди, поттикнување позитивни наративи и спротивставување на дезинформациите.

---

87 Stoyanov, Gerganov, and Yalamov, *State Capture Assessment Diagnostics*, Sofia: CSD, 2019.

88 Gerganov, A., *Monitoring Anti-Corruption Policy Implementation in High-Risk Sectors*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2021.

89 Shentov, O., Stefanov, R., and Todorov, B. (eds.), Anti-Corruption Reloaded: Assessment of Southeast Europe, SELDI, 2014.

90 Индексот на ризик во однос на енергетска и климатска безбедност (ECSRI) е политички инструмент заснован на докази кој ги следи најважните ранливости поврзани со енергетската и климатска безбедност со кои се соочуваат земјите-членки на ЕУ. За повеќе информации види: Vladimirov, M., Rangelova, K., and Dimitrova, A., *The Great Energy and Climate Security Divide: Accelerated Green Transition vs. the Kremlin Playbook in Europe*, Sofia: Center for the Study of Democracy, 2022.

# ПРИЛОГ: ИЗБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ ЗА БУГАРИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Северна Македонија | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Номинален БДП** (милијарди евра) ** | 7.60 | 8.10 | 8.60 | 9.10 | 9.70 | 10.00 | 10.70 |
| **Реален БДП** (годишна процентуална промена при константни цени од 2005 година) ** | -0.50 | 2.90 | 3.60 | 3.90 | 2.80 | 0.20 | 2.70 |
| **БДП по глава на жител** (€) ** | 3.677,90 | 3.945,20 | 4.138,00 | 4.380,10 | 4.656,70 | 4.825,30 | 5.169,40 |
| **Инфлација** (CPI, годишна стапка на промена, во %) ** | 3.30 | 2.80 | -0.30 | -0.30 | -0.20 | 1.40 | 1.50 |
| **Стапка на невработеност** ( удел на работната сила, годишен просек) ** | 31.00 | 29.00 | 28.0 0 | 26.10 | 23.70 | 22.40 | 20.70 |
| **Јавен долг** (милиони евра) * | 2.908,80 | 3.281,40 | 3.921,30 | 4.227,20 | 4.711,40 | 4.786,90 | 5.202,20 |
| % од БДП * | 38.40 | 40.30 | 45.80 | 46.60 | 48.80 | 47.80 | 48.50 |
| **Прилив на странски директни инвестиции** (милиони евра) * | 111.20 | 252.20 | 205.10 | 216.70 | 338.40 | 181.70 | 624.50 |
| % од БДП * | 1.50 | 3.10 | 2.40 | 2.40 | 3.50 | 1.80 | 5.80 |
| **Салдо на тековната сметка** (% од БДП) ** | -3.20 | -1.60 | -0.50 | -2.00 | -2.90 | -1.00 | -0.30 |
| **Извоз** (милијарди евра) *** | 4.29 | 4.74 | 5.42 | 6.59 | 6.74 | 6.22 | 7.86 |
| **Увоз** (милијарди евра) *** | 5.94 | 6.48 | 7.14 | 8.40 | 8.76 | 7.95 | 10.28 |
| **Млади кои не се вработени ниту се во системот на образование, според пол** (%, 15-29 години) ** | 32.50 | 31.30 | 31.10 | 29.80 | 24.50 | 26.20 | … |
| **Учество на увозот од ЕУ во вкупниот извоз** (%) ** | 77.30 | 77.50 | 80.70 | 82.1 | 81.1 | 80.00 | 77.00 |
| **Учество на увозот од ЕУ во вкупниот увоз** (%) ** | 46.20 | 46.30 | 62.40 | 62.4 | 62.9 | 61.90 | 62.00 |
| **Интензитет на истражување и развој (ГЕРД како % од БДП)** ** | 0.44 | 0.44 | 0.35 | 0.36 | 0.37 | 0.38 | … |
| **Јавни расходи за истражување и развој како % од БДП** ** | 0.06 | 0.05 | 0.04 | 0.04 | 0.03 | 0.04 | |
| **Поединци кои имаат основни или над основните дигитални вештини** (%) ** | | | | | | | 35.00 |
| **Родов јаз во вработеноста** (% од вкупното население, возраст 20-64) ** | 19.40 | 21.20 | 21.90 | 21.40 | 21.30 | 19.90 | … |
| **Учество на возрасните во учењето** (% од вкупното население, возраст 20-64) ** | 2.60 | 2.90 | 2.30 | 2.40 | 2.80 | 2.60 | … |
| **Стапка на долгорочна невработеност** (% од активно население, возраст 15-74) ** | 21.30 | 19.10 | 17.40 | 15.50 | 12.40 | 12.40 | … |
| **Стапка на невработеност кај младите** (% од активно население, возраст 15-24) ** | 47.30 | 48.20 | 46.70 | 45.40 | 35.60 | 35.70 | … |
| **Стапка на ризик од сиромаштија** (АРОП) ** | 21.50 | 21.90 | 22.20 | 21.90 | 21.60 | … | … |
| **Очекуван здрав животен век при раѓање** (години) * | 65.20 | 65.30 | 65.50 | 65.90 | 66.10 | 66.10 | … |

| Бугарија | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Номинален БДП (милијарди евра) **** | 50.78 | 53.95 | 59.32 | 66.43 | 68.92 | 70.00 | 80.33 |
| **Реален БДП** (годишна процентуална промена при константни цени од 2005 година) ** | 3.43 | 3.04 | 2.76 | 2.69 | 4.04 | -4.39 | 4.18 |
| **БДП по глава на жител (€) **** | 5.70 | 5.91 | 6.12 | 6.33 | 6.63 | 6.38 | 6.69 |
| **Инфлација** (CPI, годишна стапка на промена, во %) ** | -1.10 | -1.30 | 1.20 | 2.60 | 2.50 | 1.20 | 2.80 |
| **Стапка на невработеност** (удел на работната сила, годишен просек) ** | 10.10 | 8.60 | 7.20 | 6.20 | 5.20 | 6.10 | 5.30 |
| **Јавен долг** (милиони евра) * | 11,611.45 | 13,989.45 | 13,030.03 | 12,149.33 | 11,978.54 | 14,752.62 | … |
| % од БДП * | 25.35 | 26.99 | 22.91 | 20.07 | 18.31 | 23.30 | 23.83 |
| **Прилив на странски директни инвестиции** (милиони евра) * | 2.22 | 1.49 | 2.01 | 1.81 | 2.22 | 3.62 | … |
| % од БДП * | 4.40 | 2.8 | 3.4 | 2.7 | 3.20 | 5.20 | … |
| **Салдо на тековната сметка** (% од БДП) ** | -0.20 | 2.9 | 3.4 | 0.8 | 1.80 | -0.20 | -0.30 |
| **Извоз** (милијарди евра) *** | 28.38 | 30.25 | 35.05 | 37.94 | 38.48 | 35.20 | 45.82 |
| **Увоз** (милијарди евра) *** | 29.94 | 30.34 | 35.00 | 39.26 | 39.10 | 36.16 | 46.80 |
| **Млади кои не се вработени ниту се во системот на образование, според пол** (%, 15-29 години) ** | 22.20 | 22.4 | 18.9 | 18.1 | 16.70 | 18.10 | 17.60 |
| **Учество на увозот од ЕУ во вкупниот извоз** (%) ** | 62.40 | 63.9 | 61.2 | 65.2 | 64.20 | 65.50 | 66.70 |
| **Учество на увозот од ЕУ во вкупниот увоз** (%) ** | 62.50 | 64.1 | 62.4 | 62.1 | 61.20 | 61.00 | 60.60 |
| **Интензитет на истражување и развој (ГЕРД како % од БДП) **** | 0.95 | 0.77 | 0.74 | 0.75 | 0.83 | 0.85 | … |
| **Јавни расходи за истражување и развој како % од БДП **** | 0.20 | 0.16 | 0.17 | 0.17 | 0.21 | 0.22 | … |
| **Поединци кои имаат основни или над основните дигитални вештини** (%) ** | … | … | … | … | … | … | 31.00 |
| **Родов јаз во вработеноста** (% од вкупното население, возраст 20-64) ** | 6.30 | 6.80 | 7.60 | 7.70 | 8.10 | 8.30 | 8.40 |
| **Родов јаз во вработеноста со скратено работно време** (% од вкупното население, возраст 20-64) ** | 0.10 | 0.00 | -0.10 | -0.10 | 0.00 | 0.10 | 0.50 |
| **Учество на возрасните во учењето** (% од вкупното население, возраст 20-64) ** | 2.00 | 2.20 | 2.30 | 2.50 | 2.00 | 1.60 | 1.80 |
| **Стапка на долгорочна невработеност** ( % од активно население, возраст 15-74) ** | 6.10 | 5.00 | 3.90 | 3.60 | 2.90 | 2.70 | 2.60 |
| **Стапка на невработеност кај младите** (% од активно население, возраст 15-24) ** | 24.70 | 20.40 | 16.10 | 15.90 | 12.10 | 17.40 | 15.80 |
| **Стапка на ризик од сиромаштија** (АРОП) ** | 22.00 | 22.9 | 23.4 | 22.0 | 22.6 | … | … |
| **Државни расходи за образование по ученик** (% од БДП по глава на жител) | 30.00 | 33.00 | 32.00 | 34.00 | 31.00 | 31.00 | … |
| **Очекуван здрав животен век при раѓање** (години) * | 65.90 | 66.00 | 66.10 | 66.20 | 66.30 | 66.30 | … |

**Извор:** * World Economic Outlook database; ** Евростат; *** МАКСтат.